woman, presenting with symptoms and signs of hyperthyroidism, diffuse goitre and frequently with symptoms and signs of eye disease. The diagnosis of GD is based on the determination of thyroid hormones and antibodies. Characteristically, the suppressed TSH, elevated free thyroid hormones and positive TSHRAb are found, while TPOAb and TgAb are positive only in 60 – 80 % and 20 – 40 %, respectively. On ultrasound, thyroid is usually enlarged with typical hypoechoic pattern and increased thyroid vascularity. The mainstay of treatment of hyperthyroid GD patients is treatment with antithyroid drugs. They are given in higher doses at the beginning and in the subsequent weeks or months the dose is lowered until the remission, when TSH is normal and TSHRAb are negative. To avoid the early reoccurrence of hyperthyroidism, the antithyroid drugs should be continued for at least 9 – 15 months. In patients with recurrent hyperthyroidism, with side effects or in case of ineffectiveness of antithyroid drugs and advanced eye disease, usually the treatment with radioiodine or seldom thyroidectomy is indicated. The radioiodine therapy is effective and safe, while the expected outcome is hypothyroidism, which can be easily treated with L-thyroxin. Concomitantly with hyperthyroidism, the evaluation and treatment of GO should be initiated in collaboration with ophthalmologists. Every patient with GO should stop smoking, while the decision on topical treatment, glucocorticoids, orbital radiation or rarely orbital decompression depends on the activity and severity of GO.

HT is the most prevalent form of AITD, affecting every fifth woman regardless of age or every third woman older than 50 years in iodine sufficient areas, while in men the disease occurs two times less frequently. In Slovenia, the incidence of HT in the past years has increased - in 2007 we diagnosed the disease in 1687 patients per million inhabitants and among them 40 % were hypothyroid. In contrast to GD, HT is an organ specific disorder without extrathyroid manifestations and without TSHRAb in the sera of patients. The T-cell mediated cytotoxicity gradually leads to thyroid parenchymal destruction and fibrosis with variable clinical outcome. The patients with HT are most frequently euthyroid or hypothyroid, but sometimes short periods of mild hyperthyroidism are detected in the course of disease. The thyroid function usually worsens spontaneously, more often after delivery or due to long lasting higher intake of iodine source, like amiodarone or multivitamins. In the patients' sera, TPOAb are characteristically present in the majority (> 90 %) of patients, while TgAb are elevated in up to 80 % of patients. On ultrasound, the thyroid volume is normal or enlarged with typical hypoechoic pattern. The treatment of HT depends on thyroid function. In hyperthyroid phase, sometimes we decide for treatment with low doses of antithyroid drugs for a short period, but usually no treatment is necessary. The patients in euthyroid phase do not need treatment, in the follow-up the determination of TSH every year or in case of pregnancy is sufficient. In hypothyroid phase, the permanent substitution with L-thyroxin is indicated regardless of the severity of hypothyroidism. We usually start with lower dose of L-thyroxin, especially in patients with heart disease, and in the following weeks or months we gradually increase the dose until the TSH lowers to normal age. When the substitution is adequate, we continue with follow up of TSH once a year.

PPT occurs in the form of hyperthyroidism or hypothyroidism in 5 – 9 % of women in the first year after delivery, but the disease often remains unrecognised. After 1 year in the majority of women euthyroidism restores, while in 25 – 30 % the permanent hypothyroidism remains. In 70 % of patients TPOAb are elevated. Females with diabetes type I, PPT after previous delivery or positive TPOAb in early pregnancy more often present with PPT. The treatment depends on thyroid function – in hyperthyroid phase usually only observation is necessary, while in hypothyroid phase temporary or permanent treatment with L-thyroxin is needed. When euthyroidism is restored, a follow up of TSH once a year is advisable.

When dealing with AITD, we must have in mind very high prevalence of AITD, the diversity of clinical presentations, the chronic and long lasting course and possible devastating consequences, when the thyroid dysfunction remains unrecognised and untreated. Therefore, the approach to the patient with AITD should be based on good collaboration between patient, thyroid specialist, general practitioner and sometimes ophthalmologist.

RADIOIODINE TREATMENT FOR BENIGN THYROID DISEASES

E. Pirnat
Department of nuclear medicine, University Medical Centre Ljubljana

Introduction

^{131}I has been used for more than 60 years as a treatment of toxic adenoma, toxic multinodular goiter and Graves' disease and in the last two decades additionally as a therapy of benign euthyroid nodular goiter. ^{131}I therapy is made possible by the unique ability of active thyroid follicular cells to concentrate iodide and similar anions against electrochemical gradient. After oral application ^{131}I is rapidly and completely absorbed from stomach, via Na+/I- symporter concentrated in active thyroid cells, where ^{131}I is then oxidized and organificated. During radioactive decay ^{131}I in 90% emits β particles with ranging of approximately 1 mm in the tissue, the rest are γ photons with the range of a

few meters. Radiation causes the destruction of thyroid cells mainly by necrosis and perhaps also by apoptosis. Hyperthyroidism gradually vanishes, additionally substantial reduction of thyroid volume occurs due to fibrosis. The initial effect of ^{131}I therapy is usually seen 6 to 8 weeks after application.

Indications and contraindications for ^{131}I therapy

Toxic adenoma and toxic multinodular goiter are caused by mutations of genes for TSH and G protein. Treatment with antithyroid drugs will cause no long-lasting remission of the disease. ^{131}I application is the first-line therapy. According to the results of prospective multi-centric studies, the effects of individually calculated and fixed activities of ^{131}I on cure rates are comparable, therefore the majority of centers use fixed activities. We apply 740 to 925 MBq for toxic adenoma and toxic multinodular goiter, according to the volume of autonomous tissue and the percent of ^{131}I uptake. Using such approach more than 90% of patients will be cured in six months after ^{131}I application. Approximately 10% of patients are hypothyroid, 80% are euthyroid and the rest will need additional dose of ^{131}I. Thyroid volume is reduced by about 50%.

Graves' disease is autoimmune thyroid disease characterized by the production of antibodies against TSH receptor and it is the major cause of hyperthyroidism in iodine replete countries. The initial therapy is usually antithyroid drugs for twelve to fifteen months. Using such regimen the majority of patients will reach remission of the disease, but in the course of time more than 70% will relapse. Therefore ^{131}I is increasingly used as a first-line therapy even in Graves' disease. We usually use ^{131}I therapy in the case of relapse, ineffective therapy with antithyroid drugs, side effects of antithyroid drugs or exacerbation of Graves' ophtalmopathy (GO). Fixed activities of 555 to 740 MBq are used according to the goiter volume, the percent of ^{131}I uptake and the manifestation of GO. The success of ^{131}I therapy is approximately 90%. Six months after ^{131}I application 60 – 70% of patients are hypothyroid, whereas 20 – 30% are euthyroid. Approximately 10% will need a second and 2 to 3% even a third application of ^{131}I. Thyroid volume is reduced by approximately 70% even in patients who are still hyperthyroid. Some persistent questions regarding ^{131}I therapy are: Can ^{131}I application provoke exacerbation of hyperthyroidism and even cause thyrotoxic crisis? Is pretreatment with antithyroid drugs necessary? Can antithyroid drugs reduce the success of ^{131}I therapy?

According to the results of some studies published in the last few years ^{131}I will not provoke exacerbation of hyperthyroidism. On the contrary, levels of thyroid hormones will decrease shortly after ^{131}I application, so pretreatment with antithyroid drugs is not necessary in great majority of patients. On the other hand pretreatment with antithyroid drugs reduces the success of ^{131}I therapy and antithyroid drugs should be stopped at least a few days before ^{131}I application to improve the effect of ^{131}I therapy.

Another open question is whether ^{131}I application can cause aggravation of GO in Graves' disease. The risk is increased in smokers. With prophylactic use of corticosteroid treatment a possible exacerbation of GO can be avoided. We usually apply three short-term therapies with 96 mg of methylprednisolone orally every second day, or a prolonged gradually decreasing scheme starting with 96 mg intermittently for two to three months.

During last two decades ^{131}I has been used for therapy of euthyroid diffuse and nodular goiter,specially in older patients with surgical risk factors. The success of ^{131}I therapy is in correlation with absorbed dose of ^{131}I so activities of more than 1110 MBq should often be used. Recently the use of human recombinant TSH in treatment of euthyroid nodular goiter has been described. Recombinant TSH enhances ^{131}I uptake and retention. Thus the absorbed dose of radiation using the same activities of ^{131}I is greater and consequently even the reduction of thyroid volume is larger. On the other hand, recombinant TSH can cause hyperthyroidism in patients with euthyroid nodular goiter, so prospective clinical studies are needed to evaluate its use in clinical practice.

Absolute contraindications for ^{131}I application are pregnancy and breast feeding.^{131}I passes through the placenta and is present in the mother's milk, can be teratogenic and can produce hypothyroidism of fetus and infant. Additionally pregnancy should be avoided for 6 months after ^{131}I application in women and in men.

The youth of a patient no longer represents contraindication for ^{131}I therapy and according to the recent data ^{131}I can be safely applied even in children with Graves' disease. No increased risk of cancer mortality or congenital anomalies in the offspring were seen after more than 35 years' follow-up period in the group of 116 patients who received ^{131}I therapy under the age of 20.

Risks and complications of ^{131}I therapy

Practically the only short-term complication of ^{131}I therapy is radiation thyroiditis which occurs in approximately 10% of patients in the first two weeks after ^{131}I application. It is manifested by slight pain in the thyroid and elevation of inflammatory parameters in blood. In the majority of patients no treatment is needed but sometimes analgesics or corticosteroids should be used.

According to prospective epidemiological studies the ^{131}I therapy for benign thyroid diseases will cause no increase in cancer mortality or congenital anomalies in the offspring. The only side effect of therapy is hypothyroidism therefore patients treated with ^{131}I should be subjected to a lifelong follow-up.

Presently ^{131}I application is considered as elegant, effective and safe treatment for benign thyroid diseases and its use will probably increase in the future.

ЦИТОКИНИ И ТОБ: ОДНОС СО ТЕК И ПРОГНОЗА (IL-1α, IL-1β, IL-6 I TNF-α)

Н. Лабан Гучева[1], Е. Ѓошевска-Даштевска[2]
[1]Клиника за ендокринилогија, дијабетес и болести на метаболизмот.
[2]Клиника за офталмологија.

Абстракт
Вредностите на серумските проинфламаторни цитокини се променети и кај Гравес-овата болести (ГБ) и кај тироидната очна болест (ТОБ). Серумските вредности на IL-1α, IL-1β, IL-6, TNF-α, беа испитувани кај 22 пациенти (возраст 46,82+/-12,47, М:Ж=16:6) кои имаа ТОБ. На почетокот на заболувањето слободниот тироксин беше висок, ТСХ низок, ехографијата укажуваше на дифузно зголемување на тироидната жлезда. Третманот со антитироидни лекови: propylthyouracil (ПТУ) или methymasol (ММИ) резултираше со клиничка и хормонална ремисија на болеста. Неколку месеци по појавувањето на знаците на хипертироидизам беше воочена прогресија на офталмопатијата (Хертел поголем од 25мм: нормално 15-17мм) додека пациентите беа клинички во ремисија и хормонално еутироидни. Крвта е земана во еутироидна состојба (со присутни знаци на ТОБ, но пред КСта терапија) и по 3 месеци од завршувањето на третманот (пациентите без ТОБ и без третирање на ТОБ). ТОБ беше лекувана кај 22 пациенти со кортикостероиди (на почетокот) и/или во комбинација со орбитална ирадијација (ОИ) и орбитална декомпресија (ОД) кај 2 случаи.
Контролната група имаше 29 особи (возраст 51,86+/-10,52; М:Ж=16:13). Воочена е сигнификантна разлика во серумското ниво на IL-1α меѓу контролната група (0,74+/-0,55пг/мл) и пациентите пред терапија (1,85+/-1,85пг/мл; p<0,005; 2,5 пати). Оваа разлика натаму растеше по примената на терапија до 5,08+/-4,42пг/мл (p<0,05; 6,5 пати во споредба со контролната група и 2,7 пати во споредба со вредностите на почетокот на третманот.
Серумскиот IL-1β беше за 50% зголемен кај пациентите пред почетокот на терапијата (0,36+/-0,15пг/мл) во споредба со контролната група (0,24+/-0,43), а таа концентрација остана непроменета и после примената терапија (0,39+/-0,18).
Иако статистички несигнификантно (p>0,005) IL-6 имаше пониска концентрација кај пациентите на почетокот на терапијата (1,28+/-0,92; конролна група 1,72+/-1,9 пг/мл; НС). После завршување на терапијата на ТОБ неговата концентрација порасна до 2,07+/-1,82пг/мл (поголема отколку пред третманот, но НС).
Што се однесува до TNF-α тој е два пати понизок кај пациентите во споредба со контролната група (пацијенти: 0,18+/-0,034; контролна група 0,34+/-0,41). Концентрацијата на TNF-α не се промени после примената терапија (0,18+/-0,03 пг/мл, p<0,05). Кај четири пациенти со понизок ЦСА (1-5) немаше промена во концентрацијата на ИЛ-6 (1,0325+/-0,64 и по терапијата 1,07+/-0,63). Кај пациентите со повисоки ЦАС (6-10) имаше промена во нивото на IL-6 (од 1,32+/-1,00 до 2,67+/-4,84). Кај пациентите со патолошки ВЕП немаше промена на IL-6 (0,93+/-0,53 до 0,97+/-0,32), додека кај оние со нормален ВЕП постоеше зголемување на серумската концентрација на IL-6 (1,36+/-0,98 до 2,32+/-4,17). Не беше забележан стимулативен ефект на IL-1α на IL-6: IL-1β беше непроменет, додека нивото на IL-6 беше зголемен само по лекувањето.
Зголемената серумска концентрација на TNF-α пред и после третманот е асоцирана со потешките форми на ТОБ (третирани со ОИ и/или ОД).
Клучни зборови: Тироидна очна болест, цитокини, прогноза, третман.

МЕТФОРМИН ВО ТЕРАПИЈА НА ПОЛИЦИСТИЧЕН ОВАРИЈАЛЕН СИНДРОМ

Б. Крстевска
Универзитетска Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, Скопје, Македонија

Полицистичниот оваријален синдром (ПЦОС) е ендокрино пореметување со непозната етиологија, со енигматична патофизиологија и со различна клиничка презентација. Претставува комплексно и хетерогено нарушување што се карактеризира со хиперандрогенемија, инсулинска резистенција и хронична ановлација. Кај жени во репродуктивниот период ПЦОС е најчеста ендокринопатија претставена со козметски, репродуктивни и долговремени метаболни нарушувања. Особите со ПЦОС се предиспонирани кон појава на тип 2 дијабетес и носат зголемен ризик за кардиоваскуларна болест. Во САД кај обезни ПЦОС жени во четвртата декада преваленцата на нарушена гликозна толеранција (НГТ) е 31-35% и 7,5-10% на тип 2 дијабетес. Кај адолесценки и млади жени со ПЦОС од Европа, стапката на преваленца е 15,7% за НГТ и 2,7% за тип 2 дијабетес. Во наша студија спроведена на 175 жени со ПЦОС застапеноста на НГТ изнесуваше 9,7% додека тип 2 дијабетес беше утврден кај 5,1%.
Голем број од жените со ПЦОС имаат повеќе карактеристики на метаболниот синдром, како на пример обезитас и инсулинска резистенција.

Дури интуитивно ПЦОС беше опишан како Синдром икс за да се нагласи асоцираноста на ПЦОС со карактеристиките на метоблниот синдром. Во неколку студии на жени со ПЦОС повеќекратно беа докажани зголемени кардиоваскуларни ризик фактори што вклучуваат хиперинсулинемија, дислипидемија и хипертензија како и покачени кардиоваскуларни сурогат маркери плазминоген активатор инхибитор -1(ПАИ-1), ендотелин-1(ЕТ-1), ЦРП, крајни продукти на напредната гликација (АГЕс), ендотелна дисфукција и ехокардиографски нарушувања.

Репродуктивните нарушувања, како што се менструално пореметување (олиго/аменореа), ановулација и спонтан абортус во рана бременост, претставуваат главна грижа кај жените со ПЦОС. Инсулинската резистенција и компензаторната хиперинсулинемија поврзани се директно или индиректно со репродуктивните последици на разнообличниот ПЦОС.

Лекувањето на ПЦОС главно е симптоматско, но препознатливата централна улога на инсулинската резистенција и примената на инсулинските сензитајзери доведоа до многу поетиолошки пристап во лекување на овој синдром. Постојат две класи лекови- инсулински сензитајзери кои се користат во клинички студии во лекување на ПЦОС бигваниди со метформин и тиазолинедиони со двата нови лекови-розиглитазон и пиоглитазон. Меѓу нив, метформинот е најшироко применуван лек за долг период, со што истиот се реафирмира како ефикасен и безбеден во терапија на ПЦОС. Тој, корегирајќи голем број од метаболните и од ендокрините нарушувања, доведува до нормализирање на менструалниот циклус, подобрување на фертилноста и до спонтано

Пред петнаесет години, во краткотрајна (8 недели) и неконтролирана студија беа објавени првите резултати од успешниот третман со метформин кај жени со ПЦОС. Од тогаш до сега, објавени се голем број на неконтролирани и контролирани студии во кои се истражувани ефектите на метформинот врз репородуктивните хормони и функции, и споредувани се со плацебо, или со контрацептивни таблети.

Кохранов систематизиран преглед и мета-анализа на пет рандомизирани контролирани студии (РКС) покажаа супериорност на метформинот во нормализирање на менстраулниот циклус спореден со плацебо или со друг третман. Всушност метформинот воспоставува редовен менструален циклус кај 62% од жените со ПЦОС

Метформинската терапија ја зголемува стапката на спонтана и со кломифен индуцирана овулација за четири пати и во кломифен цитрат резистентни особи. Комбинирани податоци од студии (девет студии, од кои четири РКС) докажаа дека 60% од ПЦОС жените овулираат за период од 3 до 6 месеци. Понатаму, стапката на забременување е три пати поголема во жените со ПЦОС на монотерапија со метформин или метформин во комбинација со кломифен цитрат. Исто така постојат докази за ефикасноста на метформинот во индукција на овулација при лапараскопски оваријален дрилинг како и во индукција на оваријална стимулација (комбинирана со гонадотропин рилизинг хормон агонист) при ин витро фертилизација кај ПЦОС.

Метформинот е лек од Б категорија според класификација на ФДА (Фуд Драг Администреишн) и не покажа тератогеност во ин витро студии. Тој ја намалува стапката на абортуси во рана бременост. Покрај тоа, метформинската терапија пред и за време на бременост ја редуцира стапката на ГДМ.

Најпосле, постојат докази дека метформинот е успешен во третман на жените со ГДМ.

Метформинската терапија делува на инсулинската резистенција и на другите параметри од метаболниот синдром. Кохранова мета анализа на 13 контролирани студии потврди дека метформинот има значаен ефект во намалување на инсулинемијата на гладно и постпрандијалната гликемија, но не и гликемијата на гладно. Во скорешни студии, метформинот во доза од 1700 мг /дневно ги намалува некои од кардиоваскуларните ризик фактори, подобрувајќи ја васкуларната ендотелна функција.

Метформинот го подобрува липидниот профил само со зголемување на нивоата на ХДЛ-холестеролот, а механизмте со кои го постигнува ова не се јасни. Постојат докази за ефикасноста на метформинот во редукција на висцералното масно ткиво следено со намален струк/колк однос, но без промени во БМИ.

Во студија, изведена на Клиника за Ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, анализирани се клинички карактеристики, ендокрини и метаболни параметри кај 26 жени со ПЦОС пред и по терапија со метформин во дневна доза од 1500 мг/ за период од 9 месеци. Пациентките беа на возраст од 27,28 ± 7,85 години, БМИ од 34,42 ± 6,61 мг/м2, Фериман-Галвеи скор од 17,43 ± 54,5 и должина на менструален циклус од 79,2 ± 54,5 дена. Метформинот беше ефикасен во регулирање на честотата на менструалните циклуси ($п<0,0004$), во намалување на БМИ ($п<0,0031$) и во нивоата на базалниот тестостерон ($п<0,0001$). Анализата на метаболните параметри покажа дека метформинот има ефект во намалување на базалната инсулинемија ($п<0,0001$) како и на стимулираните инсулинемии ($п<0,04$ и $п<0,0001$). Метформинот не ја намали гликемијата на гладно, но беше ефикасен во намалување на стимулираната гликемија (на120 мин). Во липидниот профила забележли-

во е значајното зголемување на ХДЛ-холестерол (п< 0,023).

Едно од првите прашања што ни се наметна при метформинскиот третман беше различниот терапевски одговор кај жените со ПЦОС. За да одговориме на ова прашање, пациентките ги поделивме на ″респондери″ и ″не респондери″ врз основа на регулација на менструалниот циклус. Групата на ″респондери″ беа со помал БМИ, со не-многу тешки нарушувања во менструалниот циклус, и без екстремни врености на базална инсулинемија. Овие параметри може да бидат базални предиктори за клиничка ефикасност на метформинот до колку појдовна цел е регулирање на менструален циклус. Сепак, хетерогеноста на синдромот може да биде објаснување за различниот терапевски одговор; како последица на ова, општо прифатени селективни критериуми за препишување на метформин сé уште нема.

Заклучок

Во жените со ПЦОС, медикаментозниот третман е комплексен проблем бидејќи не постои единствен лек кој ќе ги реши сите аспекти на синдромот. Во медикаментозниот третман најголемите проблеми се јавуваат при отсутни дијагностичките знаци и карактеристичните фенотипови, кои би помогнале да се пресмета одговорот на различните терапевски модалитети.

Кај секоја жена внимателно треба да се проценат предоминантните симптоми и ризик фактори на метаболниот и репродуктивен профил и последователно третманот да се индивидуализира. Бидејќи инсулиската резистенција има централна патофизиолошка улога, со подобрување на инсулинската чувствителност се очекува поголемиот број меѓусебно поврзаните метаболни абнормалности да бидат решени. На овој план инсулинските сензитајзери би биле ветувачка терапија.

Метформинот е терапија на избор кај хиперинсулинемични обезни и слаби жени со ПЦОС, особено за оние кои планираат бременост.

НОВИ ПРИНЦИПИ ВО ТРЕТМАНОТ НА АКРОМЕГАЛИЈА

Г. Пемовска
Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања
Универзитетски клинички центар, Скопје

Вовед:

Акромегалијата (АК) се карактеризира со хиперсекреција на хормонот за раст (ГХ), покачени нивоа на ИГФ-1 и неговите врзувачки протеини (БП) и со нарушена неврохуморална регулација на секрецијата на ГХ кај луѓето со завршен раст и развој со манифестација во третата и четврта деценија од животот. Честотата на заболувањето е 3 - 4 случаи на еден милион жители, но предизвикува значаен морбидитет и морталитет. Ревматолошките, кардиоваскуларните, респираторните и метаболните ко-морбидитети ја одредуваат прогнозата на заболувањето. Бидејќи до појавата на видливите клинички знаци може да помине долг временски период (некогаш дури и децении, па и подолго), од посебно значење е раната дијагноза и терапија,

Дијагноза:

Дијагнозата на АК обично се поставува откако ќе се воочат телесните промени кај пациентите, како што се промените на лицето и зголемувањето на стапалата и шаките. Оттука произлегува и тешкотијата во раното поставување на дијагнозата . По поставеното сомневање за АК, врз основа на клиничките параметри, потребна е и биохемиска потврда на дијагнозата.

Најзначајни биохемиски испитувања се:

- Одредување на нивото на ГХ
- Одредување на ИГФ-1 (како маркер за активноста на ГХ), чии вредности зависат од возраста и полот
- Тестот на супресија на ГХ во тек на ОГТТ(кој е позитивен ако нема супресија на ГХ под 1 нг/мл). Се смета за златен стандард за потвда или исклучување на болеста.

По биохемиската дијагноза потребна е МР на хипофиза за да се види дали постои питуитарен аденома. Доколку има макроаденом треба да се направат испитувања за хипопитуитаризам и адренална инсуфициенција и испитување на видот со видно поле.

Прогноза на акромегалија:

Ако пациентите со АК не се лекуваат животниот век им се намалува за 10 години, особено поради КВ и респираторните проблеми и зголемениот ризик за малигни заболувања. Морталитетот е зголемен за 1.2-3.3 пати во однос на здравата популација.

Третман на акромегалија

Водењето на АК значајно се промени во задните 20 години. Најзначјно за третманот е спазувањето на целите на третманот за АК (т.н. ,, критична четворка,,):

1. нормализирање на покачените биохемиски маркерите (ГХ и ИГФ-1),
2. повлекување на симптомите кај оние пациенти кај кои не настанале трајни оштетувања,
3. отстранување или намалување на питуитарниот тумор со сочувување на нормалната питуитарна функција
4. подобрување на долгорочниот морбидитет и морталитет

Според најновите консенсуси АК се смета за излечена кога ќе се постигнат базални ГХ нивоа < 2.5 ng/ml или ГХ нивоа < 1 ng/ml за време на

ОГТТ и нормални нивоа на ИГФ-1 во серумот соодветни за возраст и пол.

ААЦЕ Препораки за третман на акромегалија

Новите информации за тераписките опции на АК доведоа до потреба за ревизија за водењето на болеста. Во неодамнешните издадени гадлајнси од 2004 година на Американската асоцијација на клиничките ендокринолози (ААЦЕ) има прфепораки за ефикасно водење на АК кои што можат да им помогнат на лекарите. Нормализација на биохемиските параметри на болеста е неопходна за ефикасен третман на АК. Оттука излегува потребата за рана дијагноза и ефикасен третман на болеста.

Неколку типови на третмани, сите со променливи индикации и контраиндикации, се во опција за постигнување на крајните цели. Аблативната терапија (т.е операција или радиотерапија) има директен ефект врз туморската маса, додека фармаколошката терапија со фармаколошки агенси ја инхибират прекумерната секреција на ГХ (допаминергични агонисти или соматостатински аналози) или ги блокира рецепторите на ГХ (ГХ рецептор агонисти).

Оперативен третман е прв избор на лекување т.е транссфеноидалната ресекција на ГХ аденомот кај пациентите со добро ограничен микроаденом или макроаденом кој не се шири над турското седло или во синус кавернозус. Ако се работи за макроаденом со пореметувања во видното поле, односно компресивен ефект индициран е итен оперативен третман со транскранијален пристап. При поставувањето на дијагнозата повеќе од 70% од пациентите имаат макроаденом. Отстранувањето на туморот доведува до нормализирање на концентрациите на ГХ и ИГФ-1 кај 40-70% од случаите во зависност од големината на туморот , предоперативните концентрации на ГХ и искуството на хирургот.

Хирушкиот третман како самостојна терапија е недоволен за успешно лекување на инвазивни и големи тумори т.е. мора да биде надополнет со адјувантна фармаколошка или радиотерапија . Пред откривање на фармакотерапијата, радиотерапијата била втора линија на третман доколку со операција не се постигнало нормализирање на ГХ и ИГФ-1 нивоата.

Улога на фармаколошката терапија како примарна или адјувантна терапија во третманот на акромегалија

Фармаколошката терапијата како примарен третман се препорачува кај пациенти кај кои постојат прогностички фактори за хирушки неуспех, како што се голем и инвазивен тумор без компресивен ефект на хијазмата , како и кај пациенти каде постои контраиндикација за операција (конгестивна срцева слабост, кардиомиопатија, апнеа при спиење, респираторни или интубациони проблеми како ризик за анестезија). Оваа процена треба да се направи од искусен ендокринолог заедно со анестезиолог.

Три типа на фармаколошки агенси се користат денес во лекувањето на АК: допаминергични агонисти (Bromocriptin, Cabergoline, Pergolid, Lizurid, Karbegolid), аналози на соматостатинот (ССА - Octreotide) и ГХ-рецептор антагонист (Pegvisomant). Лек од прв избор кај повеќето пациенти се аналозите на соматостатин, со исклучок на оние кои не реагираат на нив , каде се применуват допаминските агонисти и ГХ-рецептор антагонисти.

1. Допаминските агонисти се во таблетарна форма и се помалку скапи отколку другите агенси. Ја инхибираат секрецијата на ГХ, а се од посебно значење за аденомите кои лачат ГХ и пролактин (ПРЛ). Стариот Bromocriptin го снижува нивото на ГХ кај 10% од пациентите додека Cabergoline - от кај 34%. Од несакани ефекти даваат гадење и ортостатска хипотензија. Нема консенсус за тоа дали на секој пациент треба да му се дадат овие лекови.

2. Соматостатинските аналози (ССА) делуваат на два начина: централно со супресија на секрецијата на ГХ од аденомот и периферно со инхибиција на секрецијата на ИГФ-1. Ги намалуват симптомите на мекото ткиво и го контролираат туморскиот раст. Класифицирани се според афинитетот кон соматостатинските рецептори (ССТР) во две групи:

- ССТР 2 кои се присатни кај 96% од туморите и
- ССТР 5 присутни кај 86% од ГХ секретирачките тумори

Комерцијално се достапни два соматостатински аналози, обата со поголем афинитет кон ССТР 2 рецепторите.

- Октреотиде-краткоделувачкиот се користи околу 20 год. Се аплицира с.ц. три пати дневно во доза од 50-600 мцг. Пред 10 год. е откриен LAR - long acting т.е. долгоделувачкиот Sandostatin - LAR (10, 20 или 30 мг) кој се дава на 4-6 недели и.м. Lanreotid е достапен во две форми од кои едната се аплицира с.ц. на секои 28 дена (Somatuline Autogel 60, 90 и 120 мг), а другата и.м. на секои 7-14 дена Голем број на ГХ тумори се резистентни на октреотид поради што се бараат нови лекови. COM 230 е нов препарат кој има можност да се врзи за 1,2,3 и 5 рецепторите и претставува јак инхибитор на ГХ и ИГФ-1 на животински модели.

Моментално достапните соматостатински аналози се користат на три начина:

- преоперативно, кај макроаденомите кои немат компресија на хијазмата и губиток на видот. Со намалување на мекоткивната хипертрофија и подобрување на хемодинамските параметри предоперативно значајно можат да се намалат

периоперативните и постоперативни компликации (кардио -васкуларни, респираторнио и метаболни),

- постоперативно како адјувантна терапија, самостојно или во комбинација со радиотерапијата. Неколку студии покажуваат добра биохемиска контрола со нормализирање на ИГФ-1 кај 66% од пациентите третирани со Октреотид ЛАР а 48% кај оние третирани со Ланреотид

- како примарна терапија или како ,,де ново,, терапија- Неодамнешните препораки укажуваат дека ССА можат да се користат наместо операција кај тумори кои немаат локален мас ефект . Кај иноперабилните тумори овие аналози покажуваат исто така добри ефекти т. е во неколку студии е постигнато нормализирање на нивото на ГХ кај 43-79%, а на ИГФ-1 кај 78%..

Користењето на соматостатинските аналози доведуваат и до редукција на туморската маса и тоа особено по третман со краткоделувачкиот Октреотид. Врз основа на 20 независни студии во кои е следен ефектот на фармакотерапијата врз туморскиот раст заклучено е дека редукција на туморската маса била постигната кај 42,7% од пациентите третирани со с.ц. Октреотид, 76,2% третирани со Lanreotid LAR, а кај 23% третирани со с.ц. ланреотид.

Соматостатинските аналози добро се поднесуваат. Несаканите ефекти се бенигни и може да се појават во првите недели на третманот како: гастроинтестинални, транзиторни (наузеа, абдоминални грчеви, ретки и течни столици), холелитијаза кај 10-55% од пациентите, влошување на глукозната толеранција .

Комбинација на допамин агонисти и аналози на соматостатинот е возможна. Денес се работи на изнаоѓање на биспецифични лекови кои ке делуваат на двата патофизиолошки механизми на хиперсекреција на ГХ.

3. ГХ-рецептор антагонисти: Обично се препорачуваат кај пациентите кои имаат високи вредности на ИГФ-1 (> 900 ng/ml) или кај оние кај кои дошло до влошување на инсулинската резистенција по употреба на соматостатинските аналози. Најпознат од оваа група е Pegvisomant - кој го нормализира нивото на ИГФ-1 со блокирање на ГХ рецепторите без при тоа да го редуцира нивото на циркулирачкиот ГХ. Pegvisomant-от покажува силен ефект врз намалување на ИГФ-1 дури кај 90% од пациентите со значајно подобрување на симптомите и корекција на метаболните ефекти и инсулинската резистенција. Поради незначаен ефект врз туморската маса неопходно е мониторирање на големината на туморот. Кај одреден број на пациенти забележано е и пораст на туморската маса. Се дава еднаш дневно с.ц во доза од 10, 15 и 20 мг. Несакан ефект е хепатитис.

Принципите кои го одредуваат медикаментозниот третман, како примарен или додатен избор вклучуваат:

- Покачени вредности на ПРЛ ја фаворизират употребата на допамин агонисти
- Агресивен раст на туморската маса која доведува до компресивни симптоми со дефекти во видното поле, бара терапија со соматостатински аналози а не пегвисомант
- Тешка главоболка може да се третира со кратко-делувачки субкутан соматостатински препарат
- По неуспешна операција, може да се продолжи со соматостатински аналози кај пациенти со агресивни тумори во комбинација и со пегвисомант.

Алгоритам за третман на акромегалија

1. Транссфеноидална хирургија е прва линија на терапија. Кај некои пациенти доколку не се препорачува операцијата или очекуваните резултати за успешност се ниски соматостаинските аналози (ССА)можат да бидат примарна терапија доколку туморот не го загрозува видот и не дава невролошки нарушувања
2. По операцијата биохемиските анлизи можат да покажат дали болеста е под контрола. Доколку не е под контрола соматостатинските аналози се препишуваат како секундарна терапија
3. Доколку болеста е под контрола со ССА потребни се редовни контроли
4. Доколку болеста продолжува и покрај ССА некои пациенти можат да бидат повторно оперирани пред повторно да се проба со ССА. Тогаш доаѓа во обзир трета линија на терапија: радиотерапија или ГХ рецептор антагонисти.

а. Пост оперативна радиотерапија со 50-55 Гs се изведува кај парцијална ресекција на туморот или високи нивоа на ГХ. ССА се даваат во меѓувреме додека се чекаат резултатите од ирадијацијата.

б. Поради несаканите ефекти на радиотерапијата генерално преферираме одлагање што е можно подолго, а започнување со пегвисомант доколку не се работи за раст на туморот. Во спротивно пегвисомант може да се комбинира со ССА.


5. За време на третманот со Pervisomant препорачува мониторирање на ИГФ-1 и големина на туморот за да навремено се открие зголемување на туморот кога се препорачува оперативен зафат.

Заклучок. Третманот на АК бара мониторирање на биохемиските маркери за активност на болеста како ГХ и ИГФ-1 и следење и терапија на компликациите како дијабетес мелитус, хипертензија, ноќна апнеа, кардиомиопатија и артропатија. Има неколку ефективни третмани кои што се во постојан развој . Со тоа што е постигнато до сега може да се смета дека контро-

ла на болеста е возможна кај најголем број од пациентите.

Литература:
1. Anat-Ben-Shiomo, Shiomo Melmed: Acromegaly. Endocrinol metab Clin North Am. 2008,37(1)101-122
2. Zachary Bush, maryVance: management of acromegaly:Is there a role for primary mrdical therapy? Rev Endocr Matab Disord 2007 Dec 28 18163213
3. John Carmichel, Vivien Bonet: Medical therapy: Options and uses. Rev Endocr Metab Disord 2007 Dec 28: 18163213
4. George Tolis and al: Medical treatment of acromegaly:comorbidities and their reversibility by somatostatin analogs. Neuroendocrinology 2006, 63 (3-4)249-57
5. S.Melmed, F.casanueva, F.Gavagnini and al. Consensus statement: medical management of acromegaly. European Journal of Endocrinology(2005)153 ,737-740

Apendix:
AACE Acromegaly Treatment Algorithm



Recommended scheme for management of growth hormone (GH)-producing pituitary adenomas. GHA = growth hormone antagonist; IGF-1 = insulin-like growth factor-I; Nl = normal; SSA = somatostatin analogue; XRT = radiation therapy. GH levels are taken post OGTT.
American Association of Clinical Endocrinologists as featured in Endocrine Practice, volume 10, 2004, page 219.

АПЛИКАЦИЈА НА ЕНДОСКОПИЈАТА ВО ТЕК НА ТРАНСНАЗАЛНАТА ТРАНССФЕНОИДАЛНАТА МИКРОХИРУРГИЈА НА АДЕНОМИТЕ НА ХИПОФИЗАТА - НАШЕ ИСКУСТВО

В. Столевски, В. Лазаревски, Б. Бошковски, М. Костов
Клиника за неврохирургија-Скопје; Клиника за оториноларингологија-Скопје

Едновековниот развој на транссфеноидалната хирургија особено е потенциран во периодот на воведување на интраоперативниот микроскоп, а во поново време и ендоскопијата.
Имајќи го во предвид долгогодишното искуство со транссфеноидалниот пристап кај пациенти со аденом на хипофизата од страна на најстариот автор (повеќе од сто случаи), во овој труд го претставуваме искуството на интраоперативно аплицирање на ендоскопијата кај пет пациенти. Макроаденом на хипофизата со изразито супрапарасерларна пропагација беше потврден со нуклеарна магнетна резонанса кај сите пациенти, а со офталмолошки испитувања беа констатирани изразити нарушувања во визусот и видното поле. Хормоналниот статус беше контролиран на Клиниката за ендокринологија –Скопје.
Ендоскопот овозможува широк панорамски видик и комплетна хируршка ориентација кога ќе се постави низ трепанационот отвор на сфеноидалниот синус (во втората фаза од операцијата). При тоа се визуелизираат некои анатомски значајни структури од долната страна од базата на черепот кои не може да се видат со микроскоп: оптичките и каротидните протуберанции, оптокаротидните рецесуси, сфеноидалниот планум. Со ендоскопот во интраселарната (трета) фаза од транссфеноидалната операција се овозможува подобра визуелизација и идентификацијана жлездено ткиво на хипофизата и негова побезбедна демаркација од туморското ткиво. Особено е значајна примената на ендоскопот во инспекција на туморската шуплина со цел за визуелизирање на евентуални резидуи од туморот.
Крајна цел на примената на ендоскопијата во транссфеноидална микрохирургија е побезбеден пристап и максимално радикално отстранување на аденомот на хипофизата што пак овозможува поадекватно стабилизирање на хормоналниот статус и поефикасна корекција на офталмолошките нарушувања.
Клучнизборови: Ендоскопија, транссфеноидален пристап, аденоми на хипофиза.

ОСТЕОПОРОЗА И ФРАКТУРИ - ГОЛЕМИНА НА ПРОБЛЕМОТ

С.Марковиќ-Темелкова

Во тек животот балансот меѓу коскената формација и ресобција одредува дали коската ке се губи или создава. Значајно зголемување на косканата маса се случува во време на infancy, а потоа како да лесно успорува за да во пубертетот повторно имаме значајно поголема изградба од разградбата кога младите луѓе формираат 60% од нивната тотална коскена маса. До 18 година телесниот раст е речиси комплетен со минимално зголемување до 30 година,од кога, па се до менопаузата, разградбата и изградбата се во еквилибриум. Првите неколку години по менопаузата губитокот на коските е најзначаен, за да 4-7 години по менопаузата тој губиток се успори.

Остеопорозата е системско метаболно скелетно пореметување кое се карактеризира со компромитирана коскена цврстина што води до зголемен ризик од фрактура.

Патогенеза на фрагилитетната фрактура

Со возраста се намалува коскенат цврстина а се зголемува ризикот од паѓање

Детерминанти на коскената цврстина се коскената геометрија, (морфологија микроархитектура како и својствата на коскениот матерјал минерализацијата и карактеристиките на колагенот како и микрооштетувањата.

Промени во старосната структура во светот се очекуваат особено во развиените земји каде се очекува да од 1990-2020 година се дуплира бројот на население постаро од 65 години.

Остеопорозата е одговорна за над 1,5 милиони вертебрални и невертебрални фрактури годишно. Ризикот од нискоенергетска фрактура по 50 година од животот изразен во проценти би бил следниот: подлактица: мажи 4,6, жени 20,8. Колк: мажи 10,7, жени:22,9, Вертебра: мажи 8,3, жени 15,1. Проксимален хумерус :мажи 4,1, жени 12,9 и фрактури на други места: 22,4 мажи и 46,4 жени. Настаната фрактура го зголемува ризикот од субсеквентни фрактури значајно. Постоечка фрактура на колк зголемува ризик за нова фрактура на колк 2,3х, на вертебра 2,5х, и Фрактура на подлактица 1,4х. Постоечка фрактура на вертебра го зголемува ризикот од фрактура на: колк 2,3х, вертебра 4,4х и на подлактица 1,4х. Постоечка фрактура на подлактица зголемува ризик од нова фрактура на :колк 1,9х, вертебра 1,2хи на подлактица 3,3х.

Ризик фактори за остеопоротична фрактура се

Мајорни : со релтивен ризик поголем од 2: возраст над 65 години, менопауза под 45 години, хипогонадизам, , фрагилиетна фрактура по 40 година , ниска коскана густина(остеопениа) на РТГ, употеба на гликокортикоиди над 3 месеци во доза поголема од 7,5 мг/ден, малабсорбција, фамилијарна историја на остеопороза , БМИ под 18кг/м2, имобилизација.

Минорни: со релативен ризик 1-2: Rheumatoid arthrit, hyperparathyroidismus, hyperthyroidismus, внес на калциум под 1000мг/ден, M Behterew, антипсихотици, антиконвулзиви , Diabetes mellitus, пушење, екцес на алкохол и кофеин и губито на 10% од висината на 25 години.

Вертебралните фрактури се асоцирани со ниска КМГ и се случуваат на релативно помлада возраст(околу 50 година) . Но факторот КМГ со зголемување на возраста се намалува како ризик за настанок на фрактури .а се зголемува улогата на други ризик фактори како што се склоноста кон паѓање заради намален вид,намалена стабилност, употреба на лекови од типот на транкилизатори седативи и.т.н.

Видови на фрактури:

Вертебрални фрактури : на RTG: конкавни(endplate), клинести и компресивни. Семиквантитативно може да се категоризираат како лесни, умерени и тешки. За жал само 1 од 3 вертебрални фрактури клинички се препознаваат . Тие можат да доведат до кифоза, склоност кон респираторни инфекции, протрузија на абдомен-проблеми со варењето и рефлуксен езофагит и инконтиненција. Стваараат акутна и или хронична болка што може да доведе и до депресија и намален квалитет на живот.

Од една голема студија податоците зборуваат дека од 130 вертебрални фрактури најдени кај 934 жени само кај 52% таа е спомената во медицинскиот извечтај, а од таа бројка само 7 пациенти се на анти остеопоротична терапија. Читањео на РТГ сликите е многу битно и зависи од повеќе фактори при што е можна разлика и од 10 пати.

Фрактури на колк: Најчесто се интертрохантерна или фрактура на вратот на фемурот. Инциденцата на фрактурите на колкот се зголемува со возраста а не е толку во врска со степенот на остеопорозата. Инциденцата на фрактурите на колкот во светот била околу 1,6 милиони 1950, а се очекува да биде 6,25 милиони 2050 година.Тие се асоцирани со сериозен инвалидитет и екцес на морталитет. Жените по фрактура на колк имаат 10-20% поголем морталитет од оној кој е вообичаен за нивната возраст. 1/5 се случуваат кај мажите а 4/5 кај жените. Ризикот од смртност заради фрактура на колк е 2.8- 4 пати поголем првите 3 месеци по фрактурата.

Фрактури на дистален радиус се најчести кај жените во средната возраст и кај мажите под 70 година од животот.

Фрактури на проксимален хумерус: Сочинуваат 4-8% од сите нискоенергетски фрактури . Тие се 1/3 од најчестите фрактури на возраст над 65 години. Вредностите на КМГ не се единствена

компонента за ризикот од фрактура. Т- вредности под -2,5 се најдени кај 40-45% од пациентите со нискоенергетска фрактура. При фрактури на колк, само 28 - 46% од пациентите имаат Т вредности во граници на остеопороза(под –2.5). Маркерите на коскениот туровер се подобри предиктори за ризикот од фрактура одколку КМГ.

Во однос на преваленцата, остеопенијата е почеста кај мажите, а остеопорозата кај жените. Стапката на фрактури и КМГ се силно асоцирани но не на секоја возраст и секаде се поклопуваат.

Заклучок: Фактот кој секогаш требе да го имаме предвид при одлучување за започнување на терапијата е, дека остеопоротичните фрактури најмногу се случуваат кај пациентите кои имаат КМГ во опсег на Т вредност -1 до -2,5 т.е а ниво на остеопенија.

Но и проблемот да и покрај можностите за терапија, бројни студии индицираат дека најголем број од пациентите кои се соочиле со нискоенергетска фрактура , по истата не примаат никаков вид терапија за остеопорозата, останува.

VERTEBROPLASTY - MINIMALLY INAVSIVE TECHNIQUE FOR THE TREATMENT OF OSTEOPOROTIC VERTEBRAL FRACTURES

E. Stojkovska, I. Todorov, A. Gavrilovski, Lj. Pemovski
University Clinic for Traumatology, Skopje, Macedonia
Clinic for Surgical Diseases, Skopje, Macedoina

Vertebral compression fractures occur in 20% of people over age of seventy years and in 16% of postmenopausal women. Osteoporotic vertebral compression fractures are leading cause of disability and morbidity in elderly.

Vertebroplasty is the percutaneous injection of bone filler (typically polimethilmethacrylat) directly into a fractured vertebral body with use of fluoroscopic guidance. The goals of vertebroplasty are pain relief and prevention of further collapse of the fractured vertebra.

At the Traumatology clinic this method is in use since 2006. Twelve patients with 18 pathological fractures of thoracic and lumbar vertebras were treated. The indication for vertebroplasty was osteoporotic fractures in 8 patients and metastatic vertebral lesion in 2 patients. All patients were females. The mean age of the patients was 64 in the group with osteoporotic fractures and the two pts. treated for Ms changes were 56 and 58 years old. The contraindications to this procedure include systemic pathological condition such as sepsis, prolonged bleeding times, or cardiopulmonary condition that precludes safe completion of the operation and fractures with neurological deficit as well... In all patients the procedure was done under general anesthesia. Although the number of the treated patients does not allow us any kind of statistical analysis, it can be concluded the pain relief was present immediately after the operation in all, but one patient. There was one complication in form of polymethilmethacrylate extravasation into the spinal channel. The patients developed neurological deficit which was successfully treated with open surgery (laminectomy and removal of the polymethilmethacrylate particle). The patient recovered and leaves the hospital neurologically intact.

The authors recommend this procedure for treatment of osteoporotic vertebral fractures as a safe method with low percentage of complication. It has been pointed that real advantages of this technique are its simplicity and its ability to relieve pain.

УЛОГА НА КИНЕЗИТЕРАПИЈА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ОСТЕОПОРОЗА

Е. Николиќ-Димитрова
Завод за физикална медицина и рехабилитација, Скопје, Р. Македонија

Цел на трудот е да се прикажат методите на кинезитерапијата во превенција и лекување на пациенти со остеопороза.

Врз основа на добиените податоци од остеодензитометријата и клиничкиот наод на пациентот се поставуваат целите на рехабилитацијата и се подготвува програма за кинезитерапија и физичка активност.

Цел на кинезитерапијата е да се одржува коскената маса, стимулира остеогенезата; подобри снагата, флексибилноста и координацијата на мускулите; подобри постурата и рамнотежата на пациентите за да се постигне подобрување на функционалниот статус, да се намалат болките, превенираат падовите и да се намали инциденцата на фрактури.

Ефектите од кинезитерапијата и физичката активност врз коската зависат од индивидуалните карактеристики на лицата и од различни фактори кои се врзани за применетата физичка активност.

За стимулација на остеогенезата потребни се антигравитациони (њеигхт-беаринг еџерцисе) вежби со високо механичко влијание и интензитет како што се: пешачење, прошетки во природи, џогинг, танцување, тенис, ракомет, тренинг на сила или програма на вежби со отпор во гимнастичка сала. Добри се спортови кои вклучуваат подигање на тежина, трчање, спринт и скокање. Се постигнува најголем ефект ако се започне рано со вежбите и ако тие се спроведуваат во текот на целиот живот. Лица со нормал-

на минерална густина на коската можат да изведуваат вежби со високо механичко влијание како што се аеробик вежби, џогинг, гимнастика, тенис, одбојка и кошарка.

Кај пациенти со остеопотоза предозирано оптоварување на скелетот може да доведе со оштетување на архитектурата на коската. Кај жени во постменопауза и кај постари лица се препорачуваат активности со ниско или умерено механичко влијание како што се пешачење, танцување и од по скали.

Во третман на остеопороза се препорачуваат: активни вежби и вежби со отпор за јакнење на паравертебралната мускулатура; изометрички вежби за јакнење на абдоминалната мускулатура; активни вежби за одржување на обемот на движења во зглобовите на горните и долните екстремитети и 'рбетниот столб; вежби за јакнење на мускулите на горните и долните екстремитети, а треба да се дозираат во однос на функционалната способност на организмот (активни вежби и вежби со отпор); респираторни вежби; вежби за рамнотежа и аеробни вежби. Со вежбите треба да се започне полека, тие треба постепено да прогредираат и да се изведуваат често. Врз остеогенезата најефикасно влијаат интензивни вежби со кратко траење.

Поефикасни се динамички отколку статички оптоварувања. Брзо применети отпори предизвикуваат побрзо напрегање и доведуваат до поголема адаптација на коската. На адаптацијата подлегнуваат само оние коски кои се изложени на оптоварување. Оптоварувањето треба да биде повторувано секој ден, да биде со кратко траење и применето на специфични делови од скелетот. Заради адаптацијата која е специфична за местото на стимулацијата, програмата на вежби треба да биде насочена кон коските или местата каде најчесто се јавуваат скршеници (прешлените, вратот на фемурот и дистралниот крај на радиусот). Се смета дека коскениот дензитет на 'рбетот е директно во корелација со силата на екстензорите на 'рбетот, заради што е неопходно одржување на нивната мускулна сила. За да се постигне ефект врз густината на коската вежбите треба да се изведуваат подолго од 9 месеци.

Вежби кои ја подобруваат постурата, координацијата и равнотежата како и мускулната сила можат да доведат до намален ризик од падови и да ја намалат можноста од појавата на фрактури. Понекогаш кај постари лица е потребна реедукација на одот и примена на соодветно помагало за од. Вежбите би требало да бидат дизајнирани врз индивидуална основа. Постурален тренинг е многу важен.

Вежби во вода (хидрокинезитерапија) не ја зголемуваат коскената густина, но се препоручуваат кај пациенти кои не се во состојба да изведуваат антигравитациони вежби заради болка или мускулна слабост. Возењето велосипед исто така не ја стимулира остеогенезата, но доведува до подобрување на мускулната сила, координацијата и е корисен за кардиоваскуларниот систем.

Сепак, вежбите не би требало да се сфатат како замена за медикаментозна терапија, туку само како нејзин додаток и треба да бидат под професионална супервизија на физијатар и физиотерапевт.

Лекување на болните со остеопороза потребен е мултидициплинарен приод. Кинезитерапискиот третман и едукацијата на пациентите завземаат значајно место во превенцијата и лекувањето на пациентите со остеопороза. Кинезитерапијата и физичките активности би требало да бидат индивидуално одбрани за да го подобрат квалитетот на животот и да го намалат ризикот од фрактури кај овие болни.

Клучни зборови: остеопороза, вежби, рехабилитација.

Literatura

1. Gillespie LD, Gillespie WJ, Robertson MC et al: Interventions for preventing falls in elderly people. Cochrane Database Syst rev, 2001;(3):CD000340.
2. Howe TE, Rochester L, Jackson A.et al: Exercise for improving balance in older people. Cochrane Database syst Rev, 2007, Oct 17; (4):CD004963.
3. International Osteoporosis Foundation. www.osteofound.org, pristapeno 18.07.2008
4. Martin-St.James, Caroll S: High intensity resistance training and postmenopausal bone loss: a meta-analysis. Ostoporosis Int., 2006, jun1.
5. Раскова М, Кирова И. Остеопороза. Во Физикална терапиа, општа и специјална част. АРСО, Софија, 2002, 234-235.
6. Sinaki M.: Prevention and treatment of Osteoporosis. In Physical Medicine and Rehabilitation, Eds. Braddom R., Mosby, 2000, 894-912.
7. Zehnacker CH, Bemis-Dougherty A.: Effect of weighted exercises on bone mineral density in post menopausal women.
A systematic review. J.Geriatr Phys Ther., 2007; 30(2):79-88.

THE ENDOCRINE MECHANISMS OF GROWTH AND THE EPIGENETIC ALTERATION OF THE IMPRINTING CONTROL REGION 1 (ICR1) OF THE H19 GENE

Z. S. Gucev[1], A. Jancevska[1], M. Krstevska-Konstantinova[1]
[1]University Children's Hospital, Medical Faculty Skopje, Macedonia

Hypormethylation of the H19 promoter region is linked to SRS (in 35-65% of the cases) and/or hemihypertrophy. Hypermetilation, on the other side, is a major cause of the clinical features of gigantism and/or asymmetry seen in Beckwith-Wiedemann syndrome (BWS). We describe one patient with BWS and four SRS patients. The SRS patients fit at least four of the criteria for the diagnosis of SRS: intrauterine growth retardation (IUGR), poor postnatal growth, relatively normal head circumference and a classic facial phenotype. Methylation analysys was performed by bisulfite treatment of DNA samples, radiolabelled PCR amplification, and digestion of the PCR products using restriction enzymes. The BWS patient was found to have hypermethylation of the H19 promoter region. Two out of four SRS patients (50%) had hypomethylation of one allele. One of the patients without hypometilation was found to have hypopituitarism [growth hormone (GH), thyroxin, sex steroids], too. All four patients are/have been treated with GH, and, although all increased growth velocity, they all, with the exception of the hipopituitary patient, grew on the third percentile. Only the patient without hypomethylation, but with hypopituitarism had a better growth reaching the 75 percentile on the growth curve with adult height of 166 cm. This is a first report of hypopituitarism in a patient with SRS without hypomethylation. We speculate that the lack of hypomethylation in this hypopituitary SRS patient is responsible, at least partly, for the favourable final adult height under GH treatment. The epigenetic mechanisms of growth control are further discussed in the paper.

Key words: Silver-Russell Syndrome, Beckwith-Wiedemann syndrome, hypomethylation, H19 gene, hypopituitarism, growth.

Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Медицински факултет
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Научно здружение на ендокринолозите и дијабетолозите на Република Македонија

Clinic of Endocrinology, Diabete and Metabolic Disorders, Medical Faculty, University "Ss Kiril and Methodius"- Skopje

Scientific Association of Endocrinologists and Diabetologists of Republic of Macedonia

3-ТИ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС
ПО ЕНДОКРИНОЛОГИЈА,
ДИЈАБЕТЕС И МЕТАБОЛИЧКИ НАРУШУВАЊА
СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО
01-04.10.2008
Хотел Гранит, Охрид

ПОСТЕР СЕСИИ

POSTER SESSIONS

3-rd MACEDONIAN CONGRESS
ON ENDOCRINOLOGY,
DIABETES & METABOLIC DISORDERS
WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION
01st- 04th 10.2008
Hotel Granit, Ohrid

novo nordisk®
Генерален спонзор:
Ново Нордиск Фарма Дооел, Скопје
General Sponsor:
Novo Nordisk Farma Dooel, Skopje

ДИЈАБЕТЕС

1.

THE EFFECT OF INDIGENOUS ROMANIAN PLANT ExTRACT IN THE TREATMENT OF TYPE 2 DIABETES

C. Ionescu-Tirgoviste[1,2], C. Guja[1], S. Ioacara[1], Maria-Antoaneta Pintea[2], Cornelia Pencea[1,2], Loreta Guja[1], Viorica Istudor[2]
[1]."N.C. Paulescu" National Institute of Diabetes, Nutrition and Metabolic Diseases, Bucharest, Romania [2]. University of Medicine and Pharmacy "Carol Davila", Bucharest, Romania

Introduction and Aims. Romania is a country with an old and strong tradition in using plant products for the treatment of many diseases, including type 2 diabetes. From the 25 plants used for centuries in the treatment of diabetes, we selected 6 indigenous species: Morus alba, Vaccinum myrtillus L, Galega Officinalis, Agrimonia Empatoria, Trigonella Faenum-Graec and Phaseolus vulgaris sine Sinebus. We aimed to use an original type of extraction and association in capsules of 500 mg. The aim of this study was to assess the tolerability and efficacy of this extract in patients with type 2 diabetes.
Patients and methods. We performed a double blind placebo controlled trial in 33 type 2 diabetes patients, 18 (54.5%) females and 15 (45.5%) males, registered in the National Institute of Diabetes "NC Paulescu", Bucharest. A signed informed consent has been obtained from all participants. Patients were randomized in a 1:2 ratio for placebo : active compound. This preliminary report presents the data following baseline (V1) and one month visits (V2). A crossover was done at V2 but the results after the switch were not yet available for this analysis. The age, sex, disease duration, body mass index (BMI), waist circumference (WC), fasting plasma glucose (FPG), glycated hemoglobin (HbA1c), total, LDL and HDL cholesterol (TC/LDLc/HDLc), triglycerides (TG), liver enzymes (AST/ALT), uric acid, urea and creatinine were available for analysis.
Results. Despite a higher age (64.18±4.58) for the placebo group (11 subjects) comparing with the active group (47.68±14.71, p<0.05 - 22 subjects), there were no significant (p>0.05) differences between the two groups for the mean disease duration (1.86±3.34 years), BMI (31.83±4.88 Kg/m2), WC (109±16.7 cm), FPG (151±38.6 mg/dl), HbA1c (7.69±1.44%), TC (206.66±82.4 mg/dl), LDLc (127.67±37.5 mg/dl), HDLc (46±11.94 mg/dl), TG (222.03±324.49 mg/dl), AST (23.52±6.29 U/L), ALT (31.47±13.46 U/L), uric acid (5.23±1.4 mg/dl), urea (36.18±10.6 mg/dl) and creatinine (0.85±0.2 mg/dl). Plasma samples at each visit were stored for the determination of insulin, proinsulin, amylin and adiponectin. All the frozen samples will be analyzed at the end of the study. At V1, the placebo group had a significant reduction in HDLc with 4.49±4.67 mg/dl (p<0.05) and no significant changes in all the other parameters; the active group had a significant reduction in HbA1c with 0.75±1.64% (p<0.05), in TC with 39.6±82.85 mg/dl (p<0.05) and LDLc with 10±28.52 mg/dl (p<0.05), a somewhat borderline reduction in FPG with 17.91±40.5 mg/dl (p=0.051) and no significant changes for all other parameters. No side effects were recorded.
Conclusions. Our preliminary data show that the plants used in our study, selected according to their previously established active content and processed in a specific manner, are active as regulators for both blood glucose and plasma lipids. The target of the active compounds from our extract might interfere with the various diabetogenic mechanisms, acting not only on the beta cells but also on the insulin dependent cells. The study was supported by the CEEX 112/2006 grant offered by the Romanian Academy of Medical Sciences.

2.

BACK TO THE FUTURE (A CASE REPORT): INTRAPERITONEAL AS ALTERNATIVE OF SUBCUTANEOUS INSULIN DELIVERY IN TYPE 1 DIABETIC WITH ESRD

G. Petrovski, L. Nikolovski, C. Dimitrovski, T. Milenkovic, V. Percan, GS Balabanova
Clinic of Endocrinology. Diabetes and metabolic Disorders, Clinic of Nephrology, Medical Faculty Skopje

Continuous Ambulatory Peritoneal Dialysis (CAPD) is an alternative to hemodialysis treatments. CAPD is portable, flexible, easy and less restrictive. CAPD can be used in type 1 diabetics in End Stage Renal Disease (ESRD). Diabetics with ESRD with CAPD can use intraperitoneal insulin (IPDI) to control blood glucose. We are presenting the first case of intraperitoneal insulin in Macedonia. IN is 32 years old type 1 diabetic with 26 years history of diabetes. His diabetes was poorly controlled in last 15 years, when he got diabetic complications. The patient was diagnosed with ESRD before 6 months, when he needed dialysis. He was switched into CAPD. The diabetes team suggested him to start with intraperitoneal instead of subcutaneous insulin delivery. The patient was educated and he started with intraperitoneal insulin for four times (08h, 14h, 20h and 00h) in dosed 32 + 30 + 28 +36 Units.Glycated heaemoglobin decreased from 8.1 to 7.2 in the first three months of IPDI. IPDI can be used as alternative of subcutaneous insulin delivery in type 1 diabetics to control glycemia.

3.

TYPE 2 DIABETES IN CHILDREN: A CASE REPORT

G. Petrovski, M. Bogoev, I. Ahmeti
Clinic of Endocrinology. Diabetes and metabolic Disorders, Medical Faculty Skopje

Type 2 diabetes is still rare in childhood, but recent reports indicate an increasing prevalence in minority populations around the world. Young people developing type 2 diabetes will be at risk of diabetic microvascular and macrovascular disease from a far younger age. We are presenting a pubertal obese male, aged 15 years, with out symptoms of diabetes with no history of familial diabetes. BMI was 33.2 kg/m2, FPG 8.2, PPG 12.1 mmol/L and HbA1C 8.3%.Insulin antibodies were negative. We started with diet and exercise supported with 500mg of metformin once daily. The glycemias were stabilized in the next 2 months when we discontinued metformin. The treatment continued with diet and exercise. The following Hb1Ac decreased on 7.1 and 6.3%. Clinicians should consider the risk of clinical and unrecognized type 2 diabetes associated with obesity in white children as well as those from high risk populations, as early investigation and appropriate treatment may delay the onset of complications.

4.

INDIVIDUAL PATIENT EDUCATION AFTER CONTINUOUS GLUCOSE MONITORING IN TYPE 1 DIABETICS

G. Petrovski, T. Milenkovic, M. Bogoev, C. Dimitrovski, V. Percan
Clinic of Endocrinology, Medical Faculty, Skopje, Macedonia

Objective: To determine whether individual patient education after 3-day glucose profile is sufficient to improve metabolic control in the type 1 diabetics.
Materials and methods: Fifty-four type 1 diabetics (male 21, female 33, mean age: 24.8±7.6 years) were included in the study at Department of outpatients in Clinic of Endocrinology-Skopje. Mean HbA1c was 8.7±1.6%. All patients were treated with intensive insulin therapy (4 or 5 daily injections). CGMS (Minimed CGMS gold) was performed for 72 hours. Individual patient education was performed on the results from 3-day glucose monitoring for food, physical activity, self-control adjustment of the insulin therapy. Two months later HbA1c was performed.
Results: CGMS profiles verified blood glucose excursions unrecognised by self-monitoring measurements in all patients. Eleven patients were found to have the Dawn phenomenon. Individual patients education recommended: change in short acting insulin (28 patients), change in intermediate insulin (18 patients), change in treatment of hypoglycaemia (11 patients), night-time change for intermediate insulin due to Dawn phenomenon (10 patients), modification of regimen for glycemic food (35 patients) and alteration on approach for physical activity (14 patients). HbA1c was performed two months after CGMS and showed improvement of 1.1±1.9%.
Conclusion: Individual patients education should be obtained after 3-day glucose monitoring with CGMS, which followed with improvement of HbA1c in our study after 2 months.

5.

CASE STUDY: INSULIN PUMP THERAPY IMPROVES METABOLIC CONTROL IN TYPE 1 BRITTLE DIABETES

G. Petrovski, C. Dimitrovski, T. Milenkovic
Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders, Medical Faculty, Skopje

Purpose: To describe the challenges and outcomes of continuous subcutaneous insulin infusion (CSII), smart insulin pump in type 1 diabetes.
Methods: A case study on patient with brittle type 1 diabetes treated with smart pump at the Clinic of Endocrinology in Skopje.
Results: Smart pump (Continuous glucose sensor and continuous insulin infusion) was initiated to improve metabolic control in 2 years old boy with 1 years history of brittle diabetes. During 1 year of CSII therapy, HbA1c levels averaged on 6.4±0.5%. There were no severe hypoglycemia and occasional postprandial hyperglycemias were detected in the first 3 months on CSII, where he and his family learned the practical issues of carbohydrate counting. Physically active lifestyle was obtained. During his two years on CSII, he successfully manages his diabetes.
Conclusions: Smart pump can be initiated and used effectively in brittle type 1 diabetes to improve metabolic control and quality of life. When diabetes and pump management are appropriately individualized, CSII therapy can help type 1 diabetics to achieve and sustain metabolic control. Lifestyle flexibility, quality-of-life improvement, and independence can be maintained throughout young adulthood.

6.

ПРОЦЕНА НА УЛОГАТА НА ПЛАНИРАНАТА ГРУПНА ЕДУКАТИВНА ПОГРАМА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС НА ИНТЕНЗИВИРАНА ИНСУЛИНСКА ТЕРАПИЈА

Т. Миленковиќ, В. Перцан, Г. Петровски, С. Мишевска, И. Ахмети
Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Скопје Македонија

Цели: Да се процени ефикасноста и сигурноста

на планираната групна едукативна програма кај пациенти со дијабетес (ДМ) на интензивирана инсулинска терапија.
Методи: Евалуиравме 43 пациенти со ДМ на интензивирана инсулинска терапија кои ја посетуваа 5-дневната планирана едукативна програма. Тие беа евалуирани секои 6 месеци во период од 2 години кога беше одредувана гликемија на гладно (ФПГ), HbA1c, вкупна дневна инсулинска доза (ТДД) како и зачестеност на хипогликемиски епизоди, хоспитализации поврзани со дијабетес и знаење за дијабетесот. Резултати: Кај нашите пациенти (тупе 1 дијабетес – 21 и тип 2 дијабетес – 14 пациенти) забележавме сигнификантно намалување на ФПГ (од 12.4 до 10.5mmol/l p<0.0001) и HbA1c (од 12.25 до 9.01% p<0.0001). Немаше значајна промена во ТДД (47.59 IU/по ден/по пациент на почетокот и 48.74 IU/по ден/по пациент на крајот на студијата). Ова подобрување на метаболната контрола не го зголеми ризикот за тешки хипогликемични епизоди. Хоспитализациите поврзани со дијабетес се намалија во испитуваниот период. Знаењето за дијабетесот покажа сигнификантен пораст (од 26% до 74% p<0.01).
Заклучоци: Планираната групна едукативна програма користена за оваа студија успеа да постигне подобрување на метаболната контрола кај испитуваните пациенти без зголемување на ТДД и без зголемен за ризик тешки хипогликемични епизоди. Кај пациентите се намалија хоспитализациите поврзани со дијабетесот, а се зголеми знаењето за дијабетесот. .

7.
АНАЛИЗА НА МОЖНИ РИЗИК ФАКТОРИ ЗА ХИПЕРТЕНЗИЈА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС

Т. Миленковиќ, В. Перцан, Г. Петровски, С. Шубеска Стратрова, С. Мишевска, И. Ахмети
Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Медицински Факултет, Скопје Македонија

Цели: Најважните ризик фактори може да предвидат премин од гранична во постоја-на хипертензија и поради тоа примарната превенција треба да се фокусира на идентифи-цирање поединци кои се со поголем ризик за развој на хипертензија. Целта на студијата бе-ше да се испита асоцираноста помеѓу крвниот притисок и познатите ризик факторите кои придонесуваат за нејзоната појава.
Материјал и методи: Евалуирани се вкупно 120 пациенти со тип 2 дијабетес поделени во две групи према висината на крвниот притисок. Првата група - 73 беа пациенти чиј крвен притисок не надминуваше 140/90 mmHg (39 жени, 34 мажи, возраст 63,0±8,8 години) и втората група - 47 нормотензивни (25 жени, 22 мажи, возраст 56,0±8,4 години). Резултати: Во првата група 51 пациент беа со хиперинсулинемија (спрема 12 во втората група), 37 со дијагностицирано кардиоваскуларно заболување (спрема 2), 18 со микроалбуминурија (спрема 2), 42 беа пушачи (спрема 13). Во првата група пациентите беа постари со подолго траење на дијабетесот и со сличен БМИ. Хипертензивните пациенти имаа сигнификантно повисок HbA1c 8,7±1,2% во споредба со нормотензивните пациенти HbA1c 7,64±0,8%, како и триглицериди (2,9±1,2mmol/l спрема 2,3±1,1mmol/l), вкупен холестерол (6,6±1,0 mmol/l спрема 6,1±0,7mmol/l) и LDL холестерол (3,6±0,9mmol/l спрема 3,0±0,6mmol/l). HDL холестеролот беше сигнификантно понизок во групата со хипертензија (0,9±0,1mmol/l спрема 1,0±0,1mmol/l). Заклучоци: Во нашата студија мајорни фактори асоцирани со хипертензија беа хиперинсулинемија, лоша метаболна контрола, дислипидемија и пушење. За успешна превенција на хипертензијата треба да се корегираат сите познати ризик фактори подлежни на корекција, а не само индивидуалниот ризик.

8.
ПОЛИМОРФИЗАМ НА ТРОМБОЦИТНИОТ ГЛИКОПРОТЕИНСКИ РЕЦЕПТОР GPIIIa И НЕГОВИОТ ОДНОС СО ДИЈАБЕТИЧНАТА РЕТИНОПАТИЈА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС

В. Перцан, М. Павковиќ, Т. Миленковиќ, Г. Петровски
Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, Медицински Факултет, Скопје Македонија

Вовед. Неодамнешни студии покажуваат дека тромбоцитите можеби имаат значајна улога во развојот на дијабетичната микроангиопатија. Гликопротеинскиот комплекс (GP) GPIIb/IIIa е фибриногенски рецептор на тромбоцитите. Гликопротеините од тромбоцитната мембрана се високо полиморфни. Еден од овие полиморфизми е на GPIIIa гликопротеинот. GPIIIa полипептидот е полиморфен како резултат на единствена базична измена на позицијата 1565 што резултира со пролин (P1A1) или леуцин (P1A2) на позицијата 33 во протеинот. Полиморфизмот на GPIIIa рецепторот (P1A1/2) може да има значајна улога во тромбоцитната агрегација и адхезија. Неодамна беше соопштено дека P1A2 варијантата може да е блиску асоцирана со ризик за акутен коронарен синдром, особено кај помлади лица. Цел на студијата беше да се одреди дали P1A1/2 полиморфизмот прави поголем ризик за развој на дијабетична ретинопатија.
Материјал и методи. Испитавме 75 пациенти со

тип 2 дијабетес, 30 со дијабетична ретинопатија (DR) и 45 без DR и 123 контролни пациенти за P1A1/2 полиморфизам. Немаше сигнификантна разлика помеѓу траењето на дијабетесот (p=0.103, 9.8±5.5 годините кај пациенти без ретинопатија и 11.5±3.95 кај пациенти со ретинопатија), возраста (p=0.619, 5.82 vs. 59.4 години), нивото на HbA1c (8.3% vs. 9.2%, p=0.103) и распоредот по пол (p=0.39) во двете групи. Геномска DNA беше изолирана од периферните леукоцити од сите пациенти и контролите. За генотипизирање на P1A1/2 полиморфизам, специфичен DNA фрагмент кој содржи ваков полиморфизам беше амлифициран со полимераза ланечна реакција (PCR) со користење на специфични primers. Амплифицираните PCR продукти на GPIIIa генот беа дигестирани со 1.6 U Nci I ендонуклеаза на 37oC 16 часа. Дигестираните фрагменти беа анализирани со 2% агароза гел електрофореза. Резултати. Дистрибуцијата на P1A генотипот во групата на пациенти без DR беше (A1/1=26, A1/2=4 и A2/A2=0), во групата на пациенти со DR (A1/1=39, A1/2=5 и A2/A2=1) и кај здравите контроли (A1/1=93, A1/2=27 и A2/A2=3).

Заклучоци. Не најдовме разлика во дистрибуцијата на P1A1/2 генотипот или алелите во двете групи пациенти (p=o.69) и контроли (p=0.17). Овие резултати сугерираат дека полиморфизмот не придонесува во развојот на дијабетичната ретинопатија.

9.
ЕВАЛУАЦИЈА НА ДЕСЕТ ГОДИШЕН РИЗИК ЗА КОРОНАРНА СРЦЕВА БОЛЕСТ И ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРНА БОЛЕСТ СО ПРОГРАМОТ UKPDS RISK ENGINE V.2.

И. Ахмети, Г. Пемовска, Б. Крстевска, Т. Миленковиќ, Г. Петровски, С. Марковиќ Темелкова, Г. Стефановска Балабанова, И. Битовска, К. Адамова, М. Спахиу
Клиника за Ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Скопје

Цел. Да се процени 10 годишниот ризик за коронарна срцева болест (КСБ), цереброваскуларна болест (ЦВБ) и смрт, со програмот UKPDS risk Engine v.2.

Материјал и методи: ретроспективно беа испитани 59 пациети со дијабетес мелитус тип 2 (ДМ тип 2), поделени во три групи според вредностите на ХбА1ц. Беа анализирани: возраст, времетраење на ДМ, пол, присутност на атријална фибрилација, пушење, ХбА1ц, крвен притисок (систолен), холестерол (вкупен и ХДЛ). Внесените податоци беа пресметани со помош на програмот UKPDS risk engine v.2. Резултати: група 1 (HbA1c<6,5% според IDF/AACE) – вкупно 6 пациенти, со просечна возраст 58,2 год, времетраење на тип 2 ДМ 17, 4 год, м 50%: ж 50%, пушачи 50%, просечен ХбА1ц 6,32%, систолен КП 137 mmHg, холестерол вкупен 5,56 ммол/л и ХДЛ 0,88 ммол/л. Десет годишниот ризик (со интервал на конфиденција 95%) е следниот: ризик за КСБ 27,64%, ризик за смрт поради КСБ 19,3%, ризик за ЦВБ 14,6% и ризик за смрт од ЦВБ 2,2%. Група 2 (HbA1c<7% според ADA) – вкупно 13 пациенти, со просечна возраст 62.7 год, времетраење на тип 2 ДМ 10.4 год, м 46%: ж 54%, пушачи 31%, непушачи 69% просечен ХбА1ц 6,6%, систолен КП 140 mmHg, холестерол вкупен 5,6 ммол/л и ХДЛ 1 ммол/л. Десет годишниот ризик е следниот: ризик за КСБ 26,2%, ризик за смрт поради КСБ 18,3%, ризик за ЦВБ 15,4% и ризик за смрт од ЦВБ 2,4%. Група 3 (HbA1c>7%) – вкупно 40 пациенти, со просечна возраст 57,9 год, времетраење на тип 2 ДМ 12,1 год, м 38%: ж 62%, атријална фибрилација 15%, пушачи 38%, непушачи 62% просечен ХбА1ц 8.6%, систолен КП 143 mmHg, холестерол вкупен 6.2 ммол/л и ХДЛ 1.1 ммол/л. Десет годишниот ризик е следниот: ризик за КСБ 27,1%, ризик за смрт поради КСБ 20%, ризик за ЦВБ 18.6% и ризик за смрт од ЦВБ 3%.

Заклучок. Десет годишниот ризик за КСБ корелира со пресметаните ризик фактори а посебно со гликорегулацијата и времетраењето на болеста, додека за ЦВБ со атријалната фибрилација.

10.
ЕФЕКТОТ НА МЕТФОРМИНОТ ВРЗ ГЛИКЕМИСКАТА КОНТРОЛА, ЛИПИДНИОТ СТАТУС И АРТЕРИСКИОТ ПРИТИСОК КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС

И. Битовска, Б.Крстевска, В. Перцан, Г.С.Балабанова, К.Адамова, И.Ахмети
Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, Водњанска 17, Скопје

Потребата за строга гликемиска контрола со цел да се избегнат или одложат хроничните компликации кај пациентите со тип 2 дијабетес е одамна установена. Метформинот е антидијабетик од групата на бигванидите кој наоѓа широка примена во третманот на болните од тип 2 дијабетес. Цел на оваа студија е да се испита влијанието на метформинот како монотерапија врз гликемијата, липидниот статус и артерискиот притисок кај пациентите со тип 2 дијабетес. Анализирани беа 60 пациенти со тип 2 дијабетес (35 жени и 25 мажи) пред и 4 месеци по терапијата со метформин. Одредувана е гликемија на гладно, гликозилиран хемоглобин (HbA1C), липиден профил (тотални липиди, вкупен холестерол, HDL, LDL и триглицериди), БМИ, систолен и дијастолен крвен притисок кај сите пациенти пред воведувањето на метформинот како монотерапија, и 4 месеци потоа.

За донесување на валидни заклучоци е користен Студентов t тест за два врзани примерока. Резултатите од студијата укажаа дека гликемијата на гладно е сигнификантно подобрена по терапијата(6,7±1,03) отколку на почетокот(8,15 ±1,75) при што p=0,003 (p<0,05), исто како и нивото на HbA1C (7,035 ±1,157) споредено со 8 ,045 ± 1,378 пред терапијата и p=0,041(p<0,05).Од липидните параметри,статистички сигнификантно е само намалувањето на триглицеридите(1,923± 1,383) споредено со 2,397±1,694, p =0,039 (p<0,05), додека тоталните липиди, вкупниот холестерол, HDL, LDL, артерискиот притисок и БМИ покажаа намалување во тек на третманот но статистички несигнификанто. Би заклучиле дека метформинот во период од 4 месеци има големо влијание на гликемиската контрола и триглицеридната фракција од липидите, а помало на останатите липидни параметри, БМИ и артерискиот притисок.

Тип 2 дијабетес, метформин, липиден статус

11.

ХИПЕРГЛИКЕМИЈА ПРИ СТРЕСНИ СОСТОЈБИ

К. Богоева - Костовска
Ново Нордиск

Вовед. Хипергликемиите се чести кај голем дел на акутни и критични состојби, посебно ако се работи за лица во средна или постара возраст. Причините не се сосема јасни и познати. Високите гликемии кај критичните состојби се една од најтешките додатни моменти кои ја влошуваат состојбата. Хипергликемиите можат да се јават не само кај предиспонирани лица, туку и кај популација која била претходно без никакви знаци за нарушен гликозен метаболизам.

Цели:

- Дијагностицирање на Стрес хипергликемиите
- Детерминирање на развојните фази
- Третман на хипергликемиите
- Постигнување на еугликемија
- Електрофлуиден баланс
- Борба против инфекции

Матерјал и методи: Трудот претставува дел од ретроспективна компаративна студија на две групи пациенти.

Компарирани се две групи на пациенти. Во првата група припаднаа пациенти / здрави луѓе од општата популација а, во втората група пациенти со дијабетес и нарушена гликозна толеранција.

Пациентите беа дијагностицирани и следени од моментот на појавата на акутната состоја до нејзино потполно излекување.

Во третманот на стрес хипергликемиите беше употребуван базален инсулин со долго дејтво и краткоделувачки инсулин во зависност од видот и текот на клиничката слика. Беше спроведено континуирано мониторирање на гликемиите на секои 1 до 2 часа.

Во текот на испитивањето беше издвоена посебна група на болни во коматозна состојба кај кои беше спроведен агресивен инсулински третман се до степен на постигнување на еугликемиска состојба

Резултати: Во третманот на лица со дијабет и нарушена гликозна толеранција, општо е прифатено дека примената на инсулин е неопходна, не само за третман на гликемиите per se , туку и поради пропратните ефекти на хипергликемиите.

Инсулинскиот третман треба да биде интензивен со цел да се нормализираат гликемиите.

Популација без знаци на дијабетес мелитус , по нормализирањето на гликемиите, како и по поминувањето на критичната состојба која довела до привремено нарушување на гликемиите, спаѓа во групата на лица со висок ризик за дијабет.

Поради тоа, се препорачува следење на гликемиите, а по неколку месеци од оздравувањето, се препорачува правење на ОГТТ.

Заклучок: Стрес хипергликемиите се вонредни состојби на организмот. Се јавуваат кај сите лица а посебно кај оние кои се склони кон дијабет. Пациентите кои развиваат хипергликемии при стресни состојби спаѓаат во групата со висок ризик за дијабет и бараат следење на гликемиите и по престанокот на стресот.

Инсулинот при стресните состојби: ги намалува инфламарорните маркери, како и маркерите на ткивната лезија, ги редуцира ROS продуктите го продолжува животот на Бета клетките (резидуи), врши периферна вазодилатација преку активација на NOS и генерирање на NO локално во sидот на капиларите лесно се дозира и индивидуализира.

12.

КАРДИОВАСКУЛАРЕН ОДГОВОР ПРИ КОРОНАРЕН СТРЕС ТЕСТ КАЈ ЖЕНИ СО ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС

Ј. Давчева - Павловска, Б. Танева, Н. Костова, В. В. Хаџиев, К. Павловска, Е. Лазарова, М. Бошевски
Институт за срцеви заболувања - Скопје

За проценка на кардиоваскуларниот одговор при физичка активност кај болни со дијабетес, беше изведен повеќе степен максимален коронарен стрес тест кај 50 жени со дијабетес мелитус на возраст помеѓу 40-50 години како и кај 15 здрави жени од истата старосна група. Пациентите со дијабетес беа поделени во 3 групи според траењето на болеста: група 1: 1-5 години, група 2: 6-15 години, група 3: 16-30 години. Крајното максимално оптоварување беше пониско кај групата

на жени кои боледуваат од дијабетес мелитус, во споредба со контролната група. Најголема разлика постоеше помеѓу контролната група и групата 3 (157±15 W vs 130±20 W, p<0.001). Максималната срцева фреквенција беше пониска во групите 2 и 3 во споредба со контролната група (163±15 vs 181±10, p<0.05). Кај жените со дијабетес, особено оние кои подолго време боледуваат од оваа болест, имаше нешто поголем хипертензивен одговор при стрес тестот во споредба со контролната група. Кај четири жени од групата 3, како и кај една здрава жена од контролната група, се забележа 1мм ST сегмент депресија во текот на тестот, без појава на аритмии или градна болка. Овие резултати покажуваат дека толеранцијата при физичка активност кај млади жени кои боледуваат од дијабетес е намалена, особено кај оние кои подолго боледуваат од дијабетес мелитус. Сепак честотата на појава на патолошки ЕКГ промени при испитувањето не беше зголемена.

Клучни зборови: коронарна артериска болест, дијабетес мелитус, коронарен стрес тест

13.

ХЕМОДИНАМСКИ КАРДИОВАСКУЛАРЕН ОДГОВОР ПРИ КОРОНАРЕН СТРЕС ТЕСТ КАЈ БОЛНИ ОД ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС

Б. Танева, Н. Костова, Е. Лазарова,
В. В. Хаџиев, К. Павловска, М. Вавлукис
Институт за срцеви заболувања - Скопје

Хемодинамскиот одговор при физичка активност зависи од различни фактори како возраста, полот, степенот на оптоварување како и придружни патолошки состојби меѓу кои пушење, хиперлипидемија, хипертензија и веројатно дијабетес. Во оваа студија хемодинамскиот оговор при повеќе степен стрес тест беше евалуиран кај дијабетичари и не-дијабетичари. Кај 90 непушачи, нормолипемични и нормотензивни пациенти, не-дијабетичари (NDM) ((на возраст од 30-60 години), се следеше индуцираната, со коронарниот стрес тест (KST), промена во срцевата фреквенција (∆HR) како и крвниот притисок, систолен и дијастолен (∆SBP and ∆DBP), и истата беше споредувана со резултатите од 100 пациенти кои боледуваат од дијабетес мелитус (DM). Резултатите покажаа дека срецвата фреквенција во мирување и систолниот крвен притисок беа повисоки кај DM, но имаа помала ∆HR (60 ± 15.5 наспроти 74.1 ± 22; p < 0.0001), потоа ∆SBP (33 ± 27 наспроти 40 ± 29; p < 0.01) и ∆DBP (- 0.2 ± 8 наспроти 2.0 ± 14,8; p<0,05), во споредба со NDM, дури и помеѓу испитаниците со негативни резултати за KST. Исто така DM покажаа и пониска срцева резерва, циркулаторна моќ како и фреквентно – притисочен производ, во споредба со NDM (кај сите p < 0.0001). Додека DM беа нешто постари (57 наспроти 54.5) и имаа понизок физички капацитет (6.1 наспроти 7.6 MET) во спореба со NDM (кај сите p < 0.01), сепак ефектот врз хемодинамските промени кај DM остана независен и стастистички сигнификантен и по мултиваријантното селектирање според возраста, степенот на оптоварување и полот за ∆HR и ∆SBP (p < 0.01). KST индуцираната ∆SBP, беше во директна корелација со степенот на оптоварувањето и обратно пропорционално со пулсниот притисок во мирување (rPP) (p < 0.0001). Освен тоа rPP беше вториот најсилен независен показател за ∆SBP (p < 0.0001).

Клучни зборови: коронарен стрес тест, дијабетес мелитус, хемодинамски одговор, промена на систолен притисок (∆SBP), промена на дијастолен притисок (∆DBP)

14.

ДИЈАБЕТОТ КАКО ФАКТОР ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРНИ ИНСУЛТИ КАЈ ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ НА НЕВРОПСИХИЈАТРИСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА

С. Јанковска,
С. Николовски, Ч.Тошевски
ЈЗУ Здравствен Дом Крива Паланка

Цел: Да се прикаже поврзаноста на дијабетот со цереброваскуларни инсулти на пациенти хоспитализирани на Невропсихијатриското одделение во Крива Паланка,за период од две години.

Материјал и методи: Следена е група пациенти кои се хоспитализирани на Невропсихијатриското одделение со упатна дијагноза цереброваскуларни инсулти.Период на следење е две години,вкупен број на пациенти е 68,од кои 44 мажи и 24 жени на возраст од 50 до 70 години. Од сите пациенти кај 34 пациенти имало претходно дијагностицирано дијабет,само 5 пациенти биле на инсулинска терапија,а останатите 29 пациенти биле на орални антидијабетици. Кај сите хоспитализирани пациенти гликемијата била главно над 8,5 mmol/l,исто така пациентите пред да бидат хоспитализирани и пред да добијата цереброваскуларен инсулт биле со нерегулирана гликемија (што се гледа од нивната претходна документација). Сите пациенти по приемот на Невропсихијатриското одделение конзилиарно се прегледани од интернист и веднаш сите се поставени на инсулинска терапија.

Резултати: Кај сите пациенти за време на третманот откако се поставени на инсулинска терапија дојде до задоволителна гликемиска регулација со гликемии на гладно од 5.5 до 7.0 mmol/l,додека поспрандијалните гликемии беа со вредности од 9.0 до 11.0 mmol/l.

Заклучок: Дијабетот како болест на крвните садови е постојано претечка опасност за настанување на цереброваскуларни инсулти. Многу е важно пациентите навремено превентивно да се постават на инсулинска терапија,да не би дошло до компликации од типот на цереброваскуларни инсулти.

15.

ВАРИЈАЦИИ НА ГЛИКЕМИЈА-РИЗИК ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА ДИЈАБЕТИЧНИ КОМПЛИКАЦИИ

М. Костојчиноска, З. Костојчиноски
Интерно одделение, општа болница, Струга

Варијациите на гликемија, како хипогликемија или хипергликемија претставуваат ризик фактори за појава на дијабетични компликации или нивна брза прогресија
Следени се 25 пациенти кај кои мотив за хоспитализација се претходни чести варијации на гликемија.Кај сите е иследуван ХбА1ц, профил на гликемија и останати лабораториски и клинички иследувања, како И присутни компликации. Кај сите иследувани пациенти регистрирани се или микроваскуларни или макроваскуларни компликации. Хипергликемијата е главен ризик фактор за развој на микроваскуларните компликации и за забрзување на атеросклерозата. Хипогликемијата придонесува за побрз развој на макроваскуларни компликации.
Клучни зборови: Дијабетични компликации, хипогликемија, хипергликемија

16.

MYOCARDIAL PERFUSION TOMOSCINTIGRAPHY(MPS) IN EARLY DETECTION OF CORONARY ARTERY DISEASE(CAD) IN ASYMPTOMATIC PATIENT WITH TYPE 2 DIABETES:CASE REPORT

N. Kostova, E.Pavlovska,J. Maksimovik-Pavlovik, M. Vavlukis, B. Taneva, I. Kostov[2], M. Zdavkovska[3]
University Clinic of Cariology Skopje [2]Surgery Clinic: "St.Naum Ohridski"- Skopje, [3]Institute of pathophysiology and nuclear medicine -Skopje

Patients with type 2 diabetes are at a markedly increased risk of a development of coronary artery disease. They often do not develop the classic symptoms of myocardial ischemia and the first sign is myocardial infarction.
We present a role of MPS in detection of CAD in case of asymptomatic patient with Diabetes mellitus type 2.Gj.M.50 years old male was examinated because of fatigue and leg pain. In the past 2 years he took metformine (850 mg twice a day and atorvastatin 40 mg pd) Family history: positive for CAD and diabetes. He is a smoker with BMI 35 kg/m2.Physical examination, electrocardiogram in rest and laboratory were in physiological range.2D –Echocardiography examination confirmed normal dimension and preserved function of left ventricle with no regional wall motion abnormalities. Exercise testing was terminated earlier (workload of 6 METs) because of fatigue and leg pain with no ECG changes but patient did not achieve the peak exercise so the functional capacity evaluation was inadequate. For CAD detection we used ECG gatedSPECT MPS with Tc 99m MIBI, one day modified pharmacologic stress protocol with dipyridamole(0,56 mg/kg/BM) without symptoms. We noticed ECG changes: ST segment depression in leads V2-4, II,III and aVF.MPS detected large perfusion defect(severe ischemia) involving apex, anterior wall, septum and inferior wall regions –suggest two vessels disease.PCI was suggested.(99% stenosis of LAD, and 95 % stenosis of Cx were found) After direct stenting to LAD and Cx patients was treated with ASA, clopidogrel, beta blockers and high doses of statins.
The potential of MPS as specific and sensitive non invasive technique for CAD detection in asymptomatic type 2 diabetic patients was confirm.
CAD, diabetes mellitus,MPS

17.

ГЛОМЕРУЛАРНА ФИЛТРАЦИЈА ПО ФОРМУЛАТА НА COCKCROFT-GAULT КАЈ ИНСУЛИН НАИВНИ ПАЦИЕНТИ СО ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС

Ј. Ковачевска
Здравствен дом Скопје, Кабинет за дијабетес "Јане Сандански"

Нивото на гломеруларната филтрација (ГФР) овозможува адекватна процена на бубрежната функција. Цел на трудот е да се одреди преваленцата на хроничната бубрежна болест (ХББ) кај инсулин наивни пациенти со тип 2 дијабетес (кои со претходната орална хипогликемиска терапија не постигнуваа адекватна гликемиска контрола, поради што била иницирана инсулинска терапија).
Материјал: испитувани беа 115 (64-жени, 51-мажи) пациенти на возраст: жени – 59,97±7,95, мажи – 61,84 ±7,27, со познато траење на дијабетот: жени – 7.66±4.51 г, мажи – 8.65±4.38 г. BMI жени 29.37±5.63, BMI мажи 26.24±2.94 kg/m2. Методи. ГФР беше одредувана по формулата на Cockcroft-Gault, стадиумите на ХББ според критериумите K/DOQI 2002. Спрема критериумите сите пациенти со ГФР <60 ml/min/1,73m2 имаат хронично бубрежно оштетување. Резултати. ГФР≥90 ml/min/1,73m2 имаа 35 пациенти (19

ж, 16 м). ГФР 60 – 89 ml/min/1,73m2 е констатиран кај 60 пациенти (31 ж, средна вредност на ГФР за жените 72,02±10,58, и 29 м. со средна вредност на ГФР – 75,12±8,32). Гореспоменатите 60 пациенти се класифицираат во 2 стадиум на ХББ доколку покрај редуцираната ГФР имаат позитивни уринарни маркери или патолошки наоди во имиџинг техниките. Стадиум 3 на ХББ (ГФР 30–59) е констатиран кај 18 пациенти (13 ж, 5 м). Стадиум 4 на ХББ (ГФР 15–29) имаа само две жени. Средна вредност на ГФР во стадиум 3: за жени 41,59±9,42, за мажи 50,30±4,93 ml/min/1,73m2.

Заклучок. Намалена ГФР 60-89 ml/min/1,73m2 е констатирана кај 52,17% од испитуваните пациенти. По критериумите на K/DOQI 2002 стадиум 3-4 хронична бубрежна болест е констатиран кај 17,39% од испитуваните пациенти со тип 2 дијабетес. Редуцираната ГФР ги идентификува пациентите со зголемен кардиоваскуларен морбидитет и морталитет. Во секундарната превенција на прогресијата на ХББ кон терминална фаза неопходна е соработка помеѓу дијабетолог и нефролог.

Клучни зборови: дијабетес мелитус, гломеруларна филтрација, формула Cockcroft-Gault, критериуми K/DOQI 2002, хронична бубрежна болест

18.

КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ СЕРУМСКИОТ КРЕАТИНИН И КАЛКУЛИРАНАТА ГЛОМЕРУЛАРНА ФИЛТРАЦИЈА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС

Ј. Ковачевска
Кабинет за дијабетес Јане Сандански, Здравствен дом Скопје

Дијабетес мелитус (ДМ) е главна водечка причина (20-40%) за хронична бубрежна слабост (ESRD) и потреба за ренална заменувачка терапија во светот. Преваленцата на дијабетичната нефропатија (ДН) и хроничната бубрежна слабост во Македонија за тип 1 ДМ изнесува 30,7% и 6,8%, за тип 2 ДМ – 11,3% и 1,9%, редоследно. Хроничната бубрежна болест ги идентификува пациентите со зголемен ризик од кардиоваскуларен морбидитет и морталитет. Цел. Да се утврди корелацијата помеѓу вредностите на серумскиот креатинин и калкулираниот клиренс креатинин кај пациенти со тип 2 ДМ. Материјал и методи. Анализирани беа 115 пациенти (65 жени, 51 мажи) на возраст 60,68±7,75 г. со познато траење на ДМ 8,11±4,5 г. BMI 28,05±4,97 kg/м2. Серум креатинин беше одредуван со ензиматска метода (Merck). Гломеруларната филтрација (GFR) беше калкулирана со формулата Cockroft-Gault (CG). Резултати. Од 115 пациенти 35 (30,43%), 60(52,17%), 18 (15,69%), 2 (1.73%) имаа ГФР: ≥90, 80-60, 59-30 и <29, редоследно. Средните вредности на GFR изнесуваа: 112,41±20,21, 75,59±8,7, 48,98±8,4 и 27,17±2.06 ml/min/1,73m2, редоследно. Средните измерени вредности на с.креатинин : 73,47±10,78, 86,90±14,84, 110,38±33,82 и 139±3 микромол/л, редоследно. Од 18 пациенти со трет стадиум (GFR 59-30) според K/DOQI класификацијата на хронична бубрежна болест, 10 (55% пациенти) имаа серум креатинин со правилни вредности до горната граница на нормалата. Заклучок. Време е кај пациентите со ДМ покрај с.креатинин да се одредува GFR по формулата CG. Проценката на GFR овозможува добра оцена и мониторинг на реналната функција. Навремената стриктна гликемиска контрола (HBA1C<6,5%) и интензивен антихипертензивен третман (ACE инхибитори, ангиотензин II рецептор блокатори, алдостерон антагонисти) ги превенираат и одложуваат кардиоваскуларните случувања и прогресијата на ДН до терминална фаза.

Клучни зборови: Серум креатинин, гломеруларна филтрација, Cockcroft-Gaut формула, дијабетичка нефроматија

19.

ИНСУЛИНОТ DETEMIR ОВОЗМОЖУВА ПОДОБРА ГЛИКЕМИСКА КОНТРОЛА, ПОМАЛКУ ХИПОГЛИКЕМИСКИ АТАКИ И ПОМАЛА ТЕЛЕСНА ТЕЖИНА ВО СПОРЕДБА СО NPH ИНСУЛИН

Л. Нечевска, Ж. Сервини, М. Налбанти, Е. Нечевска, Ј. Тодоровски
Клиничка Болница Др Трифун Пановски, Медицински Факултат Скопје, ПЗУ Др. Нечевска - Битола

Цел: Да се компарираат ефектите врз гликемиската контрола, ризикот од хипогликемијата и ефектот на телесната тежина кај пациенти со Diabetes mellitus tip 2 третирани со еден или два орални антидијабетици на кои им беше додадена базална доза на инсулин.

Материјал и методи: Испитувањето траеше 24 недели. Пациентите беа поделени на две групи, на едната гртупа беше доделен NPH инсулин, а другата Levemir во две дози наутро и навечен, користејќи го концептот на тесна титрација на дозата, во комбинација на OAD чија доза во текот на испитувањето не беше менувана. Возраста на пациентите е од 50-63 години, траењето на болеста од 6-10 години, BMI 25-31 и HbA1C 8,5 % - 9 %.

Резултати: HbA1C се намали за 1,9 % кај пациентите со Levemir, а 1,8 % кај пациентите со NPH инсулин. Повеќе од 70 % од пациентите во двете групи има HbA1C ≤ 7 %. Отсутна беше хипогликемијата во последните 12 недели од

третманот. Сигнификантни разлики во гликемиите на гладно немаше (Levemir – 6,6 mmol/l, а NPH – 6,3 mmol/l). Ризикот од ноќни хипогликемии (од 23 до 06 часот) беше помал кај пациентите со Levemir (регистрирана беше 1 средно тешка хипогликемична епизода кај еден пациент и 4 кај NPH инсулин). Телесната тежина после 24 недели беше за 2,6 килограми пониска кај пациентите третирани со Levemir.

Заклучок: Третманот со Levemir компариран со NPH инсулин кај пациенти истовремено третирани со OAD резултираше со значајни варијации на гликемијата пред доручек и пред вечера, помал ризик од хипогликемии и намалување на телесната тежина кај инсулинот Levemir кој има тераписки предности за постигнување на таргетните вредности на HbA1C ≤ 7 %.

Инсулин, споредба хипогликемиски атаки, помала телесна тежина, Levemir, NPH инсулин

20.

ТРОЈНАТА ОРАЛНА ТЕРАПИЈА СО РОЗИГЛИТАЗОН ЈА НАМАЛУВА ПОТРЕБАТА ОД ИНСУЛИНСКА ТЕРАПИЈА

Л. Нечевска, Е. Нечевска, И. Василевски, Ј. Тодоровски
Клиничка Болница Др Трифун Пановски Битола, Медицински Факултет Скопје, ПЗУ Др. Нечевска

Цел: Целта на оваа студија е да се евалуира ефектот на розиглитазонот додаден во терапија кај пациентите со Diabetes Mellitus тип 2 неадекватно регулирани со двојна перорална терапија од (метформин + сулфонилуреа).

Материјал и методи: Испитувањето беше направено кај 50 пациенти со Diabetes mellitus тип 2 претходно третирани со метформин (≥ 1700 mg дневно) и сулфонилуреа (максимална доза) повеќе од 6 месеци. Розиглитазонот (GluRos) беше даден со титрирање на дозата максимално 2 x 4 mg во тек на 4 месеци. Возраста на пациентите се движеше од 60 ± 9 години, 35 се жени и 15 се мажи. Времетраењето на болеста 5-10 години, BMI од 25-30, HbA1C од 8% - 9,5% Гликемијата на гледно од 8 - 11 mmol/L, а постпрандиалната од 8,7 - 13 mmol/L. Испитувани беа cholesterol tot. HDL, LDL и Trigliceridi.

Резултати: После 4 месеци HbA1C сигнификантно намали и се движеше од 6,9 – 7,8 %. FPG 5,5 – 7,8 mmol/L постпрандијалната гликемија се движеше од 7 – 8,3 mmol/L, забележано беше и сигнификантно намалување на липидите во крвта (намален LDL, покачен HDL). При крајот на оваа студија 3 пациенти беа поставени на инсулинска терапија бидејќи нивниот HbA1C беше поголем од 8,5%. ЗАКЛУЧОК: Од интерес е несовпаѓањето помеѓу клиничката пракса и препораките на клиничките водичи за воведување на инсулинска терапија кај пациентите со Diabetes Mellitus тип 2 со лоша гликемиска контрола, триплетната терапија – розиглитазон, сулфонилуреа и метформин во лекувањето на пациентите со Diabetes Mellitus тип 2 сигнификантно ја редуцира потребата од вклучување на инсулинска терапија.

Потреба од инсулинска терапија и розиглитазон

21.

ПРОЛОНГИРАНА ТЕШКА ХИПОГЛИКЕМИЈА СО СРЕЌЕН КРАЈ - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

С. Николовски
ЈЗУ Здравствен дом ,,Акад.проф.др.Димитар Арсов,, Крива Паланка Р. Македонија

Вовед: Најчеста акутна компликација кај луѓето со дијабетес-особено тип1-е хипогликемијата. Таа се јавува кога нивото на шеќерот во крвта е под 3,3 ммол/л но најчесто кога е под 2,5 ммол/л. Околу 10% од дијабетичарите во тек на животот имаат епизода на мајорна хипогликемија која завршува со кома и хоспитализација.

Цел на трудот: Да прикаже случај на мајорна хипогликемија, со многу пролонгиран тек(45 часа), со драматична клиничка слика-ретко видена и од стари клиничари-што за среќа завршува со хепиенд.

Материјал и методи: Пациент на 20 годишна возраст, кој боледува 6 години од дијабетес тип1, е најден во бесвесна состојба дома и транспортиран веднаш во амбуланта каде што е прегледан и се најдени следните

Резултати: крвниот шекер е 2,0ммол/л, пациентот е во коматозна состојба со дифузни тонично–клонични грчеви кои повремено се како псеудоопистотонус,бледа кожа и слузници, срцева акција правилна и веднаш ординирана гликоза 37%-50ццм а потоа уште 50ццм венски, исто така дадени 2 глукагона но без успех и со 5% инфузија гликоза, префрлен во болничка институција каде што е продолжен третманот со рехидратација, витаминотерапија, антиконвулзивна, антиедематозна и оксигено терапија при што гликемијата се одржува на доста високо ниво од 13,4 до 20,2ммол/л но пациентот се уште е во кома.На КТМ наодот е уреден а на ЕЕГ речиси одсуствуваат физиолошките ритми а доминира наод на дифузна мозочна дисфункција, ЕКГ-негативни Тбранови во Д3, В2 и В3 и Ехо наод на абдомен –уреден. После 45 часа од комата пациентот се буди во конфузна состојба и ретроградна амнезија но релативно брзо доаѓа до ориентација во време и простор.Поставен е на инсулинска и витамино терапија и до денеска се чуствува одлично.

Заклучок: Пролонгираните хипогликемии се животозагрозувачки компликации кои како Дамоклов меч се над главите на дијабетичарите, кои ја демне секоја грешка на пациентите особено со дијабетес тип1.

22.

ФРЕКВЕНЦИЈА НА DIABETES MELLITUS КАЈ ПАЦИЕНТИ ТРЕТИРАНИ СО АТИПИЧНИ НЕВРОЛЕПТИЦИ

В. Талевска[1], С. Најдовска[2], Т. Блажевска[3]
Психијатриска болница во Демир Хисар [1,2], О.У. Трифун Пановски Битола [3]

Цел: Цел на нашето истражување беше да се детерминира пропорцијата на пациенти со Schizophrenia третирани со атипична антипсихотична монотерапија кои развија Diabetes mellitus.
Материјал и методи: Испитуваната група ја сочинуваа 56 пациенти лекувани во Психијатриската болница во Демир Хисар со дијагноза Schizophrenia третирани со атипична антипсихотична монотерапија за време од една година. Кај истите пациенти беше испитувана пропорцијата на пациенти кои развија Diabetes mellitus. Контролната група ја сочинуваат пациенти припадници на здравата популација кои не примале невролептичка терапија.
Резултати: Резултатите на нашето истражување укажаа на тоа дека од 56 пациенти лекувани во Психијатриската болница во Демир Хисар со дијагноза Schizophrenia третирани со атипична антипсихотична монотерапија за време од една година, 5(8.94%) од пациентите развија Diabetes mellitus, а 1 пациент(1.78%) од пациентите разви ketoacidosis. Ризикот за појава на Diabetes mellitus беше висок кај пациенти третирани со Clozapine 2(3.58%), потоа следува Qetiapine 2 (3.58%), Olanzapine 1(1.78%) и Risperidon 1(1.78%).
Заклучок: Ризикот за појава на Diabetes mellitus беше највисок кај пациенти третирани со Clozapine, а најнизок кај пациенти третирани со Risperidon. Од вкупно 56 пациенти кетоацидозата беше застапена во 1(1.78%) од испитаниците. Тоа беше долгогодишен пациент кој се лекуваше од Diabetes mellitus и кој беше инсулинозависен со тешки компликации на болеста. Иако Clozapine и Qetiapine имаат повисок ризик за појава на Diabetes mellitus, но генерално ризикот од појава на Diabetes mellitus кај пациенти со Schizophrenia третирани со атипична антипсихотична монотерапија е мал.
Клучни зборови: Schizophrenia, Diabetes mellitus , атипични невролептици

23.

НАЈЧЕСТА ЕТИОЛОГИЈА ЗА ХОСПИТАЛИЗАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИ СО DIABETES MELLITUS

Л. Топликлиева
ЈЗУ Општа Болница, Штип

Цел: Да ги прикаже најчестите етиолошки фактори за хоспитализација на пациенти со дијабет.
Материјал и методи: Во период од две години (2006-2007) беа хоспитализирани 428 пациенти со дијабет. Во иследувањето на пациентите беа користени: лабараториски тестови, ЕКГ, следење на крвниот притисок, ехокардиографија, ехотомографија и радиолошки наоди.
Резултати: Од 428 пациенти со дијабет, 173 (40,42%) беа мажи, 225 (59,57%) жени, на возраст од 23-78 години. На инсулинска терапија беа 226 (52,88%) пациенти, а со орални хипогликемици, 202 (47,19%). Со артериска хипер-тензија беа 137 (32,0%), со коронарна артериска болест 74 (17,28%) од кои со акутен миокарден инфаркт 34 (7,94%), а со прележен миокарден инфаркт 40 (9,34%). Со конгестивна срцева слабост и аритмии беа 72 (16,82%), а 7 (1,63%) со пулмонален едем. Со хронична бубрежна болест беа 23 (5,37%), со бронхити и бронхопневнмонии 36 (8,41%), со калкулозен холецистит 22 (5,14%), со гастрит и улкусна болест 14 (3,27%), со хипотиероза 4 (0,93%), со панкреатит 3 (0,70%). Од акутните компликации со кетоацитоза беа 7 (1,63%), со хипогликемиска кома 8 (1,86%). Новооткриени пациенти со дијабет беа 21 (4,90%). ЗАКЛУЧОК: Хроничните компликации на дијабетот, особено макроваскуларните се почеста причина за хоспитализација и тоа кај постари пациенти, кај тип 2 дијабет, кај пациенти со орални хипогликемици и кај подолго траење на дијабетот. Најчеста причина се кардиоваскуларните заболувања. Помал е бројот на хоспитализирани пациенти со акутни компликации поради добрата едукација. Со кетоацитоза најчесто беа млади, новооткриени пациенти. Со хипогликемиски епизоди беа постари пациенти на орални хипогликемици.
Клучни зборови: Дијабетес мелитус, етиологија,хоспитализација,

24.

ПРЕВАЛЕНЦИЈА НА НЕДИЈАГНОСТИЦИРАН ДИЈАБЕТЕС КАЈ ПАЦИЕНТИ СО АКУТЕН МИОКАРДЕН ИНФАРКТ

С. Триводалиева, В. Николова, С. Јанкова
Општа Болница Струмица

Цели. Да се испита преваленцијата на дијабетесот кај пациенти со акутен миокарден инфаркт (АМИ) и да се одреди дали случајно одредената

гликемија и гликозилираниот хемоглобин (HbA1c) мерени при приемот можат да се искористат за дијагноза на дијабетес. **Материјали и резултати.** Преваленцијата на недијагностицираниот дијабетес беше испитувана кај 279 пациенти примени во Болницата во Струмица последните две години со АМИ. На приемот, 60 пациенти (21.5%) имаа преегзистирачки дијабетес, а 40 пациенти (14.3%) кои незнаеле од порано дека имаат дијабетес, имаа случајно одредена гликемија поголема или еднаква на 11 mmol/l. 32 од овие 40 пациенти (80%) со покачена гликемија имаа покачен HbA1c на приемот, што укажуваше на преегзистирачка јагленохидратна интолеранција или дијабетес. После 2 месеци кај 36 преживеани пациенти направен е 75-грамски орален гликоза толеранс тест кој покажа дијабетес кај 22 (61%) и нарушена јагленохидратна толеранција кај 8 (22%) пациенти. 27 од овие 36 пациенти (75%) со абнормална гликозна толеранција имаа покачен HbA1c на приемот што укажуваше на преегзистирачка глукозна интолеранција или дијабетес. Преваленцијата на недијагностицираниот дијабетес беше 7.9% (22/279). Покачениот крвен шеќер кај пациентите со АМИ поверојатно одразува состојба на преегзистирачка абнормална гликозна толеранција од хипергликемија предизивикана од стрес.
Заклучоци. Еден од пет пациенти со АМИ има дијабетес. Покачена случајно одредена гликемија на приемот не е сигурен показател за дијагноза на дијабетес и затоа се потребни додатни мерки и следење. HbA1c е посензитивен и поспецифичен тест за дијабетес кај пациенти со АМИ од хипергликемијата на приемот.

25.

DETECTION OF DIABETIC PATIENTS FOR CAD WITH CST THROUGH STANDARD AND OTHER DIAGNOSTIC CRITERIA

Z. Trpkovski, D. Manevski, E. Ridov, M. Tasev, C. Dukadinovski, Z. Savoski, P. Mat
Health Centre-Negotino, Public Hospital-Kavadarci, Macedonia

Aim: To detect those suspect patients for CAD with CST through standard and other diagnostic criteria in the positive estimation of this test and correlation of the symptomatic and asymptomatic myocardial ischemia in patients with diabetes.
Materials and methods: Retrospective analyses from the lab for CST within a period 2004-2007, a group of 90 diabetes patients were particularly analysed. An interpretation included a change ST-segment, lung pein and other symptoms, evaluation of the commited encumbrance, blood pressure changes and frequency, arithmia.
Results: From the overall number of diabetic patiens with positive test are 25 (27,8%), negative 50 (55,5%), marginal 8 (8,9%), undetermined 7(7,8%). With suspect lung pain are 15 (16,6%), and others patiens nontipical pein, or not have symptoms.
Conclusion: CST is very significant screening procedure for detection CAD especially for detection frequent asymptomatic myocardial ischemia in patiens for diabetes where CAD is 2-4 times more then non diabetic patiens. It should be mostly used non invasive method for diagnosis CAD, and selection of patients for coronarography, following the therapy effect and functional assessment in patiens.

26.

КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕС МЕЛЛИТУС ВО РАМКИТЕ НА ЕДНА ГИНЕКОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

А. Димитровска
Здравствен дом Скопје - Диспанзер за жени "Бит Пазар" Скопје, Република Македонија

Вовед: Дијабетес меллитус е болест која предизвикува значајни промени во мајчината и феталната хемостаза. Поради што може да делува на интраутеринот и пост наталниот развој и состојби на плодот, а во организмот на мајката да предизвика значајни компликации за време на бременоста и после раѓањето. Дијабетес меллитус (ДМ) е во постојан пораст кај општата популација, а со самото тоа и кај трудниците. Една од најважните активности на гинеколог -акушер во примарната здравствена заштита е грижата за бремената жена, плодот и новороденото. Во советувалиштето за жени во просек се остваруваат по пет посети при што се следи: крвната слика, Т.А, гликемијата, Т.Т , Т.В, урина, крвна група и РХ фактор.
Цел: Да се прикаже колку од трудниците кој дошле на редовна контрола имаат зголемување на гликемијата за време на бременоста.
Материјал И методи: Користени се податоци од картоните на трудниците кои ја следат бременоста во диспанзерот. Следењето е извршено во рок од 2 години.
Резултати: Во советувалиштето за бремени жени во 2002 година извршени се вкупно 3915 контролни прегледи од кои се регистрирани 719 трудници со прва бременост . Покачување на гликемијата имале 38 трудници. Во 2003 година од вкупно 4014 контролни прегледи, од кои 810 прва бременост кај 52 трудници имаме покачување на гликемијата. Покачувањето на гликемијата кај трудниците во 2002 година е кај 2 трудници во првиот триместар, 18 во вториот, а 20 во третиот триместар од бременоста. Во 2003 имаме покачување на гликемијата кај 7 трудници во првиот триместар, 26 во вториот триместар, а 19 во третиот триместар. Возраста на пациентки-

те во двете години е над 28 години.
Заклучок: Со редовна контрола на трудниците која ќе биде адекватно забележана т.е. адекватно документирана во акушерската документација (книга и картон) ќе се придонесе за откривање и соодветно лекување на причините кој можат да предизвикаат спонтан абортус, предвремено раѓање, промена во растот на фетусот, конгенитални аномалии, респираторен дистрес синдром и наследување на дијабетесот.

27.

PRE-PREGNANCY AND PREGNANCY CARE IN TYPE 1 DIABETIC WOMAN IN THE NETHERLANDS

*T. Pemovska, H. W. de Valk **
*University College Utrecht, *University Medical Hospital Utrecht, The Netherlands*

The objective of this study was to elucidate an adequate pre-pregnancy and pregnancy care needed to ensure a normal pregnancy. The study was in form of a questionnaire administered to 60 (University Medical Hospital Utrecht) patients that have diabetes type 1 and had a pregnancy between the beginning of 1990 till present. 90% of the pregnancies were planned and 35% of them came earlier than planned. Around 80% of the patients had at least a part time job prior to pregnancy. 100 % were aware of the necessity of obtaining optimal blood glucose levels prior to pregnancy and 90% were aware of the risks involved with the pregnancy. 70% made certain lifestyle adjustments due to the pregnancy. Even though, the care that is currently available was graded fairly high by the patients it is still not perfect. This study enabled the patient voice to be heard with respect to contents of the care and the patient management by the health care providers. Hence, it is necessary that the pre-pregnancy care is designed in a way that is satisfactory for both sides, include the wishes of the patients but consider the capabilities of the health care team as well.

28.

ХИПЕРТЕНЗИЈА КАЈ НОВООТКРИЕН ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС

И. Тоновска, В. Андова
Клиника за кардиологија, Скопје, Македонија

Цели: да се определи преваленцијата на хипертензијата кај новооткриени пациенти со тип 2 дијабетес, асоцирани со ризик фактори за кардиоваскуларни и дијабетични компликации.
Материјали и методи: Беше направена проспективна студија на Клиниката за Кардиологија во период Јануари-Декември 2007 каде беа вклучени 68 пациенти 38 мажи (55.8%), средна возраст 51+3.8 год, и 30 жени (44.2%), средна возраст (53+3.6 год). Беа евалуирани крвен притисок, индекс на телесна тежина гликемија на гладно и триглицериди.
Резултати: трисет и девет проценти од пациентите (35% мажи, 46% жени) имаа хипертензија (среден систолен крвен притисок над 140 mmHg или повисок и среден дијастолен крвен притисок над 90 mmHg, во моментот на дијагностицирањето на дијабетесот или девет месеци потоа. Хипертензивните пациенти имаа повисок индекс на телесна маса (30.1 спрема 28.0 kg/m2, $p<0.0001$) од нормотензивните, како и повисоки вредности на триглицериди (1.94 спрема1.69 mmol/l, $p< 0.0001$).
Заклучок: Хипертензијата е честа кај новооткриени пациенти со тип 2 дијабетес и е асоцирана со дебелина. Поврзаноста на хипертензијата со кардиоваскуларните компликации може да се појави при дијагностицирање на дијабетесот.

ЕНДОКРИНОЛОГИЈА

1.
КОСКЕН МИНЕРАЛЕН ДЕНЗИТЕТ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО АКРОМЕГАЛИЈА ВО РЕЛАЦИЈА СО ПОЛОТ, АКТИВНОСТА НА БОЛЕСТА И ГОНАДАЛНАТА ФУНКЦИЈА

Г. Пемовска, А. Ј. Стојкоска, Б. Крстевска, С. Ш. Стратрова, С. М. Темелкова, Г. С. Балабанова
Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, Скопје, Македонија

Цел: Акромегалијата се карактеризира со перзистентно високи вредности на хормонот за раст (GH) и факторот за раст сличен на инсулинот (IGF- 1). Цел на студијата е проценка на долгорочните ефекти на гонадалниот статус и активноста на болеста на коскениот метаболизам и дензитет.
Материјали и методи: Испитувана е група од 22 пациенти со акромегалија (11 мажи и 11 жени) со средна возраст од 45,94 ± 14,41 години и просечно времетраење на болеста од 10,16 ± 11,5 години. Активноста на болеста е проценувана со отсатна супресија на GH во тек на 75 мг. орален гликоза толеранс тест (ОГТТ) и серумското ниво на IGF-1, додека гонадалната функција преку нивото на естроген/тестостерон, FSH и LH. Добиените параметри беа споредувани со контролна група од 20 здрави субјекти. Коскениот дензитет е проценуван со DEXA метода. Кај двете групи земен е во предвид T-score-от за L1-L4 и вкупниот T-score за левиот и десен колк, додека интензитетот на коскениот метаболизам е проценуван според серумското ниво на алкална фосфатаза (АФ), остеокалцин и β-CrossLaps (C и N пропептид на колаген тип 1) и јонизираниот калциум.
Резултати: Кај 15 пациенти акромегалијата беше активна (со просечно ниво на плазма GH 14,56 ± 16,66 ng/ml и просечна концентрација на IGF-1 703,22 ± 373,42 ng/ml). Макроаденом на хипофизата имаа 12, а микроаденом 5. Хипопитуитаризам е регистриран кај 14 пациен-ти, а намален коскен дензитет кај 4 пациенти (кај еден - остеопенија со T-score од -1.5 до -2.5; кај три пациенти - остеопороза со T-score ≥ -2.5).
Заклучок: активноста на болеста и гонадалната функција се независни предиктори на коскениот дензитет кај пациенти со акромегалија.
Клучни зборови: кромегалија, коскен дензитет, хипогонадизам

2.
ДЕНЗИТОМЕТРИСКА ПРОЦЕНКА НА ТЕЛЕСНИОТ СОСТАВ ВО ЗАВИСНОСТ ОД СТЕПЕНОТ НА ДЕБЕЛИНА

С. Шубеска Стратрова
Клиника за Ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот, Медицински факултет, Скопје, Македонија

Дензитометрискиот метод dual energy X-ray absorptiometry - DXA е златен стандард за проценка на телесниот состав. Промената на телесниот состав во зависност од зголемувањето на индексот на телесна маса (ИТМ) беше проценета со DXA кај 78 жени, групирани во 4 групи според ИТМ: гр1 <25 кг/м2; гр2 (25-29.9кг/м2); гр3 (30-34.9кг/м2) и гр4 (35-40кг/м2).
Резултати: Вредностите на телесната маса во гр1 изнесуваа 58.88±5.91кг, во гр2 (69.13±5.67кг), во гр3 (80,75±6,02кг) и во гр4 (92,33±9,49кг), сигнификантно се разликуваа помеѓу групите и корелираа со ИТМ (п<0.0001). Масната маса (ММ) прогресивно и сигнификантно се зголеми од гр1 (19.58±5.02кг), кон гр2 (28.71±3.99кг), гр3 (36.21±4.36кг) и гр4 (44.33±7.47кг). Процентот на пораст на андроидните масти беше повисок во споредба со гиноидните масти, во однос на контролната група во сите испитувани групи во кои покажа прогресивно зголемување. Основната маса - lean body mass (ЛБМ) во гр1 изнесуваше 36.04±3.69кг, во гр2 (37.01±2.92кг) несигнификантно, а во гр3 (40.96±4.04кг) и гр4 (44.37±2.87кг) беше сигнификантно поголема (п<0.0001). ЛБМ/ММ односот беше значајно повисок во гр1 во споредба со другите групи во кои прогресивно се намалуваше, укажувајќи на поголем пораст на ММ во однос на ЛБМ кај дебелите жени. ИТМ корелираше сигнификантно со телесната маса, ММ и ММ%. Коскената маса не се разликуваше сигнификантно помеѓу испи-туваните групи.
Заклучок: Дензитометријата овозможи точна и прецизна проценка на телесниот состав. Порастот на ИТМ се карактеризираше со незначајна промена на коскената маса, значаен пораст на телесната и масната маса, особено на андроидните масти и значајно помал пораст на ЛБМ во споредба со масната маса.
Клучни зборови: дензитометрија, телесен состав, ИТМ, дебелина

3.

ОДРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРОЦЕНТ НА ТЕЛЕСНИ МАСТИ СО ДЕНЗИТОМЕТРИЈА И РАВЕНСТВОТО НА ДЕУРЕНБЕРГ

С. Шубеска Стратрова
Клиника за Ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот, Медицински факултет, Скопје, Македонија

Дензитометрискиот метод dual energy X-ray absorptiometry - DXA (Д) е златен стандард за одредување и проценка на телесните масти и нивниот процент од вкупната телесна маса и овозможува развој и калибрација на антропометриски равенства. Равенството на Деуренберг (ДЕ) исто така се користи за одредување на процентот на вкупната масна маса (ММ%).
Цел на студијата беше да се евалуира точноста на ДЕ во проценка на ММ% во споредба со Д, и да се одреди нивната поврзаност со индексот на телесна маса (ИТМ).
ММ% беше одреден со равенството на ДЕ (ММ% = 1.2 x ИТМ + 0.23 x возраст - 10.8 x пол - 5.4; женски пол=0) и беше споредeн со ММ% одреден со Д. Д проценка беше направена кај вкупно 78 жени со просечна возраст 49.5±13.71год. и ИТМ 27.93±5.1кг/м2, поделени во 4 групи според ИТМ: 1гр. со нормален ИТМ <25 кг/м2, 2гр (25-29.9 кг/м2), 3гр (30-34.9 кг/м2) и 4гр (35-40 кг/м2).
Резултати: ММ% одреден со ДЕ (40±7.61%) не се разликуваше статистички од ММ% одреден со Д (40.83±7.19%). ММ% одреден со ДЕ во 1гр изнесуваше 32±4.8%, и беше значајно повисок во 2гр 40±3.25%, 3гр 46±3.46 и 4гр 49.82±4.12%. Овие вредности не се разликуваа статистички од вредностите на ММ% одредени со Д во соодветните групи: 1гр. 33.49±6.64%, 2гр. 42±3.54%, 3гр. 45.51±3.8% и 4гр. 48.34±3.65%.
Заклучок: Вредностите на ММ% одредени со ДЕ не се разликуваа и корелираа со вредностите одредени со Д, со што се потврди ДЕ како точен, прецизен и практичен индиректен антропометриски метод кој лесно се пресметува и употребува во клиничката пракса. Двата метода потврдија дека зголемувањето на ИТМ се карактеризира со значаен пораст на ММ%. Д и ДЕ овозможија точна, прецизна проценка на дебелината и ММ%.
Клучни зборови: дензитометрија, равенство на Деуренберг, процент на масти, жени

4.

МЕДИКАМЕНТОЗЕН ТРЕТМАН НА МАКРОПРОЛАКТИНОМ КАЈ МАЖ

Г. Пемовска, Б. Крстевска, Ч. Димитровски, Т. Стојаноска-Ѓорѓиевска
Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања,Скопје

Пролактиномот е најчест хормон-секретирачки тумор на хипофизата. Во зависност од големината може да биде микро (<1cm) или макропролактином (>1cm). Пролактин (PRL)-секретирачките питуитарни тумори се почести кај жените и најголем број од нив се микроаденоми. Макропролактиномите се почести и поагресивни кај мажите. Хиперпролактинемијата често предизвикува секундарен хипогонадизам преку централна супресија на гонадалната секреција. Макропролактиномите дополнително можат да доведат до генерализиран хипопитуитаризам, главоболка, губиток или други промени во видот и невролошки симптоми (mass effect) . Поради различни клинички манифестации кај мажите и жените постојат помал број на трудови во врска со лекувањето на пролактиномите кај мажите.
Цел/ да се прикаже долготрајниот ефект на третманот со Cabergoline(CAB), Д2-селективен допамин агонист со долго дејство, во лекување на макропролактином кај маж.
Приказ на случај: 18 год. момче се јавува во ендокринолошка амбуланта поради отсатност на брада и зголемување на градите. На прв преглед БМИ = 28кг/м2, волумен на тестиси/десен/лев 15 ссм, PHS IV, gynaecomastia bill , Tanner III. Од хормонските наоди имаше покачени вредности на пролактинот (PRL = 133.2 mg/ml), намален тестостерон = 4.15 nmol/l., со нормални тестовите за тироидната и адреналната функција . Анализа на ејакулатот уреден. На НМР на хипофиза видена проширена и балонирана села турцика. со присутна цистична Ту формација која се простира и супраселарно со компресија на оптичката хијазма .Офталмолошки наод уреден. Пациентот започна со терапија со допамин агонист, табл.Bromergon 2.5mg . -15 mg/den. На контролната НМР на хипофиза по еден месец села е проширена во сите правци со интра, супра и параселарен макроаденом кој ги инфилтрира обата кавернозни синуси со компресија na оптичката хијазма. Туморот кон дистално проминира во свенопидалниот синус. Вредностите на PRL се нормализираа за три месеци со покачување на нивоата на тестостерон. По 4 месеци терапијата е заменета со табл.Dostinex 0.5 mg (8 таблети месечно) . Контролната НМР по 6 месечна терапија покажа намалување во големината на туморската маса со нормализирање на вредностите на PRL, FSH, LH и тестостерон, а по 3 години комплетна

редукција на туморската маса .
Заклучок: CAB претставува прва линија во лекувањето на макропролактиномите кај маж. Го намалува нивото на пролактин, главоболките, големината на туморот, го враќа видот и питуитарната функција.
Клучни зборови: кропролактином - хипопитуитаризам – допамин агонист

5.
ВЛИЈАНИЕТО НА ЛОВАСТАТИН НА ОКСАДИТИВНИОТ СТРЕС И МДА – МОДИФИЦИРАНИ LDL ЧЕСТИЧКИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИСЛИПИДЕМИЈА

В. Перцан, Т. Миленковиќ, Т. Рушкова, К. Богоева, Г. Петровски
Клиника за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот, Медицински Факултет, Скопје Македонија

Цели на оваа студија беа да се одреди дали концентрацијата на anti-ohLDL е повисока кај пациенти со CAD кои беа селектирани за реваскуларизација во споредба со здрави пациенти, како и да се испита влијанието на терапијата со Ловастатин и антиоксиданти на нивото на anti-ohLDL. Материјал и методи. Во студијата беа вклучени 40 пациенти со CAD (20 мажи и 20 жени) и 40 здрави луѓе како контролна група. Беше одредуван вкупниот холестерол (TChl), триглицериди (TG), HDL-холестерол (HDL), LDL-холестерол (LDL), аполипопротеин A1 (apoA1), аполипопротеин B (apoB), липопротеин a (Lpa), вкупен антиоксидативен статус (TAOS), серумска хидропероксидаза и anti-ohLDL. Резултати. Пациентите со CAD имаа сигнификантно повисока концентрација на Tchl, Tg, LDL, Lpa and apoB и пониска концентрација на HDL и apoA1 во споредба со контролната група ($p<0.01$). Помеѓу пациентите со CAD, жените имаа сигнификантно повисоки нивои на HDL и apoA1 ($p<0,025$). Жените со CAD имаа сигнификантно повисоко ниво на серум пероксидаза во споредба со контролната група ($p<0.01$) и со мажите со CAD ($p<0.01$). Исто така, жените со CAD имаа сигнификантно пониски вредности на TAOS во споредба со контролната група ($p<0.01$) и со мажите со CAD ($p<0.025$), додека anti-ohLDL беше сигнификантно повисок кај мажите со CAD во споредба со здравите мажи ($p<0.05$). Терапијата со Ловастатин покажа намалување на anti-ohLDL ($p<0.01$) кај 30 пациенти со примарна дислипидемија што не беше случај со антиоксидантната терапија дадена кај 20 пациенти ($p<0.05$). Заклучоци. Нашите резултати потврдуваат дека anti-ohLDL е ризик фактор за пациенти со CAD, особено за мажи. Разликите во серумските нивоа на хидропероксидазата и anti-ohLDL кај пациенти со различен пол со CAD може барем делумно да потврдат за различната стапка на морбидитет и морталитет кај луѓето со CAD. Терапијата со Ловастатин, но не и антиоксидантната терапија, ја намалува концентрацијата на anti-ohLDL.

6.
THE ROLE OF QUANTITATIVE ULTRASOUND IN PREDICTING OSTEOPOROSIS, DEFINED BY DUAL x-RAY ABSORBTIOMETRY

S. Markovik Temelkova ,S. Subeska Stratrova, G. Stefanoska Balabanova, I. Bitovska, K. Adamova, I. Ahmeti
Clinic of Endocrinology and metabolic Disorders, Medical Faculty Skopje

The aim of this study was to establish whether quantitative ultrasound (QUS) parameters could identify patients classified as osteoporotic and osteopenic on the basis of dual energy X-ray absorptiometry (DEXA). 123 patients with osteoporosis and suspected of having osteoporosis were included in this study.
Broadband ultrasound attenuation (BUA) and speed of sound (SOS) were measured and bone mineral densities (BMD) of the lumbar spine and left hip was measured by DEXA. Subjects were classified into three groups (normal, osteopenic and osteoporotic) on the basis of BMD T-scores measured by DEXA. QUS parameters of the osteoporotic group were significantly lower than those of osteopenic and normal groups; there was no difference in QUS parameters between the normal and osteopenic groups. Correlations of both right and left SOS and BUA with the spine and femoral neck BMD were moderate ($r = 0.343$-0.539, $P < 0.001$). There was also reasonable correlation between DEXA and QUS T-scores ($r = 0.364$-0.510, $P < 0.001$). QUS had a sensitivity of 21% and a specificity of 95% for diagnosing osteoporosis.
The conclusion is that, although DEXA and QUS parameters were significantly correlated, QUS parameters can not predict osteopenia as defined by DEXA, and sensitivities and specificities of QUS parameters were not sufficiently high for QUS to be used as an alternative to DEXA.

7.

РАЗЛИЧНИ ПРИСТАПИ КОН ВОДЕЊЕТО НА ОСТЕОПОРОЗАТА- ПАТОКАЗИ КОН УСПЕШНА ТЕРАПИЈА

С.Марковиќ-Темелкова, С. Шубеска-Стратрова, Г. Стафановска-Баланабова, И. Битовска, К. Адамова, И. Ахмети

Дијагнозата и водењето на остеопорозата стануваат се покомплексна проблематика. Како се јавуваат понови групи на лекови за лекување на превенција на остеопорозата, така се зголемува и бројот на метаанализи на рандомизираните испитувања со разни лекови. Во трудот се прикажани четири најчести клинички состојби со кои се среќаваме во амбулантската пракса на нашата клиника а кои можат да ни помогнат во одредување на најсоодветната терапија кај нашите пациенти.

Првиот случај е наод на ниска коскана минерална густина (КМГ) – остеопенија, кај жена во раните манопаузни години и дискусија во однос на препораките за употреба на хормонска супституциона терапија(ХСТ), бисфосфонати или селективни естроген рецептори модулатори, превентивно или терапевтски.

Вториот случај е случај на постменопаузна жена која пред извесно време прекинала со ХСТ , има ниска коскена густина, а за време на примањето на овој вид терапија направила нискоенергетска фрактура на подлактица. И беше препорачана антиресорбтивна терапија со таблети ибандронат во комбинација со калциум и витамин Д .

Третиот случај е секундарно индуцирана остеопороза со гликокортикоиди кај маж заради лекување на основното заболување – кронова болест. Препораките беа - употреба на парентерална терапија ибандронат 3мг на три месеци, се разбира во комбинација на калциум и витамин Д.

Четвртиот случај е изразена форма на постменопаузна остеопороза кај повозрасна пациентка, со полифрактури на вертебра, која е подолго време на антиресорбтивна терапија со алендронат и размислувањата во кој правец и каде требе да се бараат пропустите во терапијата како и тоа кои би биле препораките за понатамошниот третман.

Заклучок - Поставувањето на дијагнозата, земањето предвид на ризик факторите и видовите на препорачаната терапија, се селектирани врз база на повеќе клинички испитувања.

8.

СЛУЧАЈ СО ИСТОВРЕМЕНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ДВЕ НЕОПЛАЗМИ: ЕНДОМЕТРИЈАЛЕН АДЕНОКАРЦИНОМ И ЕНДОМЕТРОИДЕН КАРЦИНОМ НА ЈАЈЧНИК

В. Антовска
Ј. Георгиевска, Г. Кипровска, М. Тантуровски
ЈЗУ Клиника за гинекологија и акушерство, Медицински факултет Скопје, Македонија

Аденокарциномот на телото на матката претставува 6 до 7% од сите карциноми кај жената. Ризикот за негово јавување е поголем кај жени кои биле хронично изложени на неопонирачкото дејство на естрогени од ендогено или егзогено потекло. Тука спаѓаат: обезни пациентки, пациентки со дијабет, пациентки со синдром на полицистични јајчници, жени со покасна менопауза, жени со естрогени тумори на јајчниците и др. Во трудот прикажуваме случај со пациентка М.Л. на 41-годишна возраст, примена на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје со дијагноза за ендометријален аденокарцином (поставена врз основа на претходно направена фракционирана експлоративна киретажа, наод бр. 375983) и тумор на левиот јајчник. Во репродуктивната анамнеза претходно има едно породување. Менструалниот циклус бил уреден. Во јануари 2008 година заради наод од Папаниколау брис во прилог на атипични клетки со потекло од жлезден епител кај пациентката била направена фракционирана експлоративна киретажа, со претходниот наод. По приемот кај пациентката биле одредени фактори на хемостаза, рентген на срце и бели дробови, со уреден наод. Заради нерегулирана хипергликемија, во консултација со ендокринолог направена е промена во терапијата и регулирање на истата. Направен е ехосонографски преглед на гениталните органи, со задебелување на матката, со антеро-постериорен дијаметар на матката од 58мм, ендометриум нерамен и хиперехоген 20мм. Лево од матката делумно солидна, делумно цистична туморозна формација со дијаметар околу 65мм. По соодветна предоперативна подготовка пациентката оперирана на 25.02.2008 година. Интраоперативно најдено голема цистична формација на левиот јајчник со дијаметар околу 10цм, со атхезии со цревата. По отстранување на прираслиците, била извадена левата аднекса, а потоа и матката со десностранa аднексектомија и биопсија од оментум. Постоперативен ток уреден. Хистопатолошката анализа покажа дека во случајот имаме наод на две синхрони неоплазми: едната претставува средно диференциран ендометроиден тип на ендометријален аденокарцином со нуклеарен градус на малигните клетки 2, а неоплазмата ја инвадира и цервикалната лигавица во дол-

жина од 0,2цм. Исто така, идентификувана е и оваријална неоплазма со морфологија на средно диференциран ендометроиден карцином на овариумот со нуклеарен градус на малигните клетки 2 која го инвадира ампуларниот крај на јајцеводот лево и истата се наоѓа во 2А стадиум. Постоперативно, со оглед на овој наод, пациентката е упатена на натамошна терапија на Институтот по онкологија и радиотерапија во Скопје.

9.

ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТОТАЛЕН ХОМОЦИСТЕИН КАЈ ЗДРАВА ПОПУЛАЦИЈА ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО МОДИФИЦИРАН ИМУНО-ЕНЗИМСКИ МЕТОД

Г. Босилкова, М.Крстевска, С. Џекова - Стојкова
Медицински Факултет, Институт за медицинска и експериментална биохемија, Скопје

Вовед: Со оглед на се поголемото значење на хиперхомоцистеинемијата во клиничката дијагностика, но и во склад со сознанијата дека постоечкиот оригинален имуно-хемиски метод според Франтзен е мошне долг и скап, оваа студија имаше за цел: модифицирање на имуно-хемискиот метод за определување на tHcy и детерминирање на референтните вредности за популацијата на Р. Македонија.
Методи: Оригиналниот метод беше модифициран и испитан во однос на неговите карактеристики за квалитет (точност, прецизност “recovery” и интерференции), а референтните вредности на tHcy беа определени со параметриска метода.
Материјал: Студијата опфати група од 192 здрави испитаници, од кои 120 женски и 72 машки, селектирани според однапред утврдени критериуми.
Резултати: Модификацијата резултираше со скусување на времето на инкубација на имунитe реакции и употреба на помало количество зајачки анти глувчини антитела. Неточноста беше < 7.2 %, прецизноста во серија < 6.1%, прецизноста ден за ден < 8.2%, а “рецоверs” од 93 до 114 %. Утврдена е дозволена аналитичка грешка на методот од 2.3 ммол/Л за вредноста на tHcy од 12 ммол/Л значајна за медицинска одлука. Нивото на tHcy кај жените изнесуваше 8.63±2.64 ммол/Л и беше значајно пониско (п<0.001) од она кај мажите (11.5±1.97 ммол/Л,). Утврдено е дека tHcy значајно се покачува со возраста додека крвниот притисок, липидите и умереното консумирање алкохол или цигари немаа влијание.
Заклучоци: референтните вредности за tHcy добиени со примена на модифициран имунохемиски метод (покус и поефтин од оригиналниот) се слични со оние прикажани за други популации, но интерпретацијата на резултатите за tHcy треба да се прави внимателно и во склад со полот и возраста.

10.

СЛУЧАЈ СО СТЕРОИДЕН ТУМОР НА ЈАЈЧНИК

Ј. Георгиевска
В. Антовска, С. Поповска, О. Џајкова-Левајковиќ, В. Тофилоска
ЈЗУ Клиника за гинекологија и акушерство, Медицински факултет Скопје

Гонадалните клеточни тумори со потекло од целомниот епител или мезенхималните клетки на ембрионалните гонади вклучуваат: гранулоза клеточни, тека клеточни, фибробласни, тумори од Лајдигови и Сертолиеви клетки. Оваријалните тумори од овие клеточни типови се стероидни клеточни тумори на јајчниците, со инциденца на јавување од 8% од сите оваријални неоплазми кај сите возрасни групи.
Во трудот прикажуваме случај со 69 годишна пациентка (Т.С.) со стероиден хормонален тумор на левиот јајчник. Пациентката се јавила на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје во Март 2008 година за иследување заради изразен хирзутизам и алопеција. Во хормонскиот профил најдовме покачено ниво на тестостерон од 15,2 нмол/л. Кај пациентката биле направени: диференцијална крвна слика, рентген снимка на срце и бели дробови, со уреден наод. Направен е брис по Папаниколау со наод за атрофија со инфламација. Направен е ехосонографски преглед на гениталните органи, каде се верифицирал зголемен лев јајчник, со тумефакција во истиот со дијаметар околу 2 цм. По соодветна предоперативна подготовка кај пациентката на 07.03.2008 година била направена лапароскопија, кога е земен испирок од абдомен за цитолошка анализа (наод за класификациона група 1). Матката и десниот јајчник биле со уредна морфологија, додека левиот јајчник бил зголемен и пребоен жолтеникаво. Следи конверзија во лапаротомија, кога е отстранета матката со двете аднекси. Постоперативен ток уреден. Хистопатолошката анализа покажа дека во случајот се работи за хормонски активен стероиден тумор на левиот јајчник со дијаметар 1,7цм. Истиот е пребоен жолтеникаво и е инкапсулиран. Пациентката постоперативно е упатена на Институтот за онкологија и радиотерапија за понатамошен третман.
Клучни зборови: стероиден тумор, јајник, терапија

11.

DETERMINATION OF THE LEVELS OF β-CROSSLAPS AND N-MID OSTEOCALCIN IN SERUM FOR EARLY DETECTION OF OSTEOPOROSIS IN POSTMENOPAUSAL WOMEN

B. Kocevska, S. Subeska-Stratrova, A. Kocevska
Clinic of Endocrinology, Diabetes and metabolic Disorders

Of a clinical and socioeconomic point of wiev, osteoporosis, especially postmenopausal osteoporosis, represents a serious disturbance of bone metabolism with a high prevalence. A 30-40 percent of healthy women develop postmenopausal osteporosis since the last menstruation, due to a lost of oestrogenic hormones.
Until recently, the measure of bone density was the most commonly used method for osteoporosis detection, which reflected only the local bone status. In other words, the disease was diagnosed very late, oftenly after voluminous osteoresorption. For timely intervention it is necessary to detect the extent of the bone resorption what has been enabled by usage of biochemical markers for assessment osteoresorption and osteoformation. Risk of osteoporosis should be measured in each person in early postmenopausal years in order to start the protective treatment and to achieve reduction of the numerous fractures. Combination of measures of bone mineral density (BMD) and the level of bone markers is considered to be especially significant for determination of the risk of osteoporosis.
The main purpose of this trial was placing the measurement of the levels of bone markers β-CrossLaps and N-MID Osteocalcin in serum, as new methods in endocinological laboratory. The levels of bone markers were measured in perimenopausal and postmenopausal women.
Results from this trial proved the high prevalence of postmenopausal osteoporosis, assessed indirectly by β̃-CrossLaps values, which in the perimenopausal group in 39,22% of the interwievees were higher than the upper limit of the normal values for healthy young women (0,299 ng/ml), while in postmenopausal groups the higher values than the upper limit of the normal value for postmenopausal women (0,556 ng/ml) had from 38,46%-61,54% depending on menopause duration.
Patients treated by antiresorption therapy had normal values of the bone markers.
Osteocalcin values are significantly higher in premenopause and especially in postmenopause group.

12.

ВЛИЈАНИЕ НА ПУШЕЊЕТО ВРЗ НИВО НА HDL ХОЛЕСТЕРОЛ

С. Најдовска, В. Талевска, Д. Јанакиевски, И. Филов, Л. Кузмановски, Б. Грозданов

Вовед: Познато е дека пушењето и ниското ниво на HDL холестерол се едни од ризичните фактори за настанување на атеросклеротични промени на крвните садови како и коронарна артериска болест.
Цел: Цел на овој труд е да се види дали пушењето влијае на нивото на HDL холестерол, што би било уште еден додатен ризик фактор за коронарна артериска болест.
Материјал и метод: Анализирани се податоци за вредностите на HDL холестерол на 80 пациенти кои се лекувани во Психијатриската болница во Демир Хисар дијагностицирани според ICD-10 класификацијата. Од испитаниците 35 се пушачи (испитувана група), а 45 се непушачи (контролна група). Возраста на пациентите е од 35-70 години. Во испитувањето не се вклучени пациенти со: Diabetes mellitus, Renalna i hepatalna insuficiencija, Graviditet, pacienti koi upotrebuvaat kortikosteroidi , B-blokatori , како и antilipemici.
Резултати: Нашето истражување покажа ниски вредности на HDL холестеролот кај пациентите кои се пушачи со подолг пушачки стаж. Испитаниците се поделени по пол, возраст и ниво на HDL, пушачи и непушачи. Резултатите од испитувањето се прикажани табеларно и графички.
Заклучок: Должината на пушачкиот стаж(долг пушачки период) доведува до снижување на вредностите на HDL холестеролот кај пациентите-пушачи.
Клучни зборови. Пушење, HDL холестерол.

13.

МАКРОАДЕНОМ НА ХИПОФИЗА - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

С.Николовски , ЈЗУ Здравствен дом,,Акад.проф. др.Д.Арсов,,-Крива Паланка Р. Македонија

Вовед: Туморите на хипофизата се релативно ретки иако сочинуваат околу 30% од сите интракранијални тумори.Можат да бидат примарни и секундарни, бенигни и малигни.Најчест тумор е аденомот кој што може да биде микро и макроаденом.
Цел: на трудот е да прикаже случај на макроаденом на хипофизата со селарна,супра и параселарна локализација кој се открива после влошување на здравствената состојба на пациентка третирана како примарна хипотиреоза

неколку години.
Материјал и методи: Пациентка на 71 година со влошена здравствена состојба - јаки главоболки, битемпорална хемианопсија,брадипсихија,брадилалија и успореност на мотериката, се подложува на испитување и се добиени следните
Резултати: ЕКГ-синус брадикардија со СТ-депресија од 0.5-1мм во сите одводи; лабораторија покажува хиперлипидемија, диспротеинемија, позитивен ОГТТ,намален ЛХ, намален кортизол, намален ТСХ, зголемен ПРЛ, естрадиолот е нормален а исто и фТ4 (но таа е на терапија со Вобенол).Фундус окули покажува атрофија на ПНО.Направена МНР на хипофизата во стандардни плус секвенци вклучувајќи пост контрасна серија покажува присуство на макроаденом кој се шири во сите правци со доминантна пропагација кон хијазмата како и кон кавернозните синуси. Предложен е оперативен зафат што пациентката категорично го одбива. Сега е на терапија со хидрокортизон,еутирокс, бромергон, дијабетична диета и симптоматска терапија.
Заклучок: Иако многу редок сепак треба да се мисли и на оваа болест и да се употребат сите расположливи методи и средства за побрзо и поточно дијагностицирање и лечење.

14.

ВЛИЈААТ ЛИ ВРЗ РАСТОТ НА ДЕЦА СО БРОНХИЈАЛНА АСТМА(БА), НИСКИ ДОЗИ НА ИНХАЛИРАЧКИ КОРТИКОСТЕРОИДИ(ИКС)?

Љ. Зафировски[1], М. Константинова[2], Т. Максимовиќ[3], Е. Зафировска[4], Б. Таушанова[5], С. Николиќ[6]
[1]Институт за белодробни заболувања кај децата-Козле, Скопје, Р.Македонија [2]Универзитетска Клиника за детски болести(одд.детска ендокринологија),КЦ-Скопје Р.Македонија. [3]Центар за плукне болести и ТБЦ у деце,КБЦ Др.Д.Мишовиќ, Београд, Р. Србија, [4]Интерно одд. Психијатриска болница-Скопје, Р.Македонија, [5]Институт за епидемиологија и биостатистика, Медицински факултет,Скопје,Р.М. [6]Институт за физиологија и антропометрија, Медицински факултет, Скопје, Р. Македонија

Иако транзиторна супресија на растот кај астматични деца,кои примале високи дози на инхалирачки кортикостероиди(ИКС),е публикувана од неколку автори, подоцна и тие деца, ја постигнале предиктивната висина.(catch up growth). Употребувајки пак ниски дози ИКС(<450mcg BDP или <200 -250mcg FP), мнозинството автори сепак не докажаа евентуална супресија на детскиот дефинитивен раст.
Цел: Приказ на наши искуства следејки раст на астматични деца кои примале,(или не)-ИКС.
Матерјал и методи: Следевме висински-раст кај 400 деца, (со стадиометар) сите,приближно со ист степен на тежина на астма, средна возраст:10,67% год. машки:233(58,25%), женски:167(41,75%). Децата со пубертални знаци, потхранетост, конституционално низок раст(преку висина на родители),беа исклучени од иследување.Испитаниците беа поделени во 3 групи: I-рупа=кои примале:<450mcg BDP или<250mcg FP (>6 мес- еци), II-група=кои примале Кетотифен или Кромогликат, III-група=без никаква астмо-превенција. РЕЗУЛТАТИ И
Дискусија: Меѓу испитаниците во сите 3 групи немаше статистички сигнификантна разлика. Заправо,единствено во III-група е измерена минимална-(статистички несигнификантна) ретардација на растот! кое го објаснуваме со фактот дека непревенирана и недоволно контролирана БА,е поопасна за детскиот раст отколку ниски дози ИКС.
Заклучок: Ниски дози ИКС (<450mcg BDP или <200 - 250mcg FP) не го успоруваат детскиот раст и за сега, тие се,лекови од прв избор за третман на алергиска инфламација на дишното стебло.
Клучни зборови: инхалирачки стероиди, висински раст, бронхијална астма

15.

ОБЕЗНОСТА КАКО ПОСЛЕДИЦА НА СОВРЕМЕНИОТ НАЧИН НА ИСХРАНА И РИЗИК ФАКТОР ЗА ЗДРАВЈЕТО НА ДЕТЕТО

З. Рајчановска
Здравствен дом Неготино

Вовед: обезноста представува позитивен енергетски внес во однос на потрошеното.
Претставува ризик фактор за сите системи на организмот во најраната возраст, на
респираторниот систем што често води до астма,на локомоторниот систем,најчесто се одразува на спуштање на сводот на стапалото. Зголемената телесна тежина се одразува на крвните садови и срцето,како последица е отежнато дишење-слаба размена на гасовите и хранливите материи ,а тоа води до анемија.
Цел: да ја прикажеме директната врска меѓу обезноста и морбидитетот во раниот детски период ,резултирано од современиот начин на живеење.
Материјал и методи: за разгледување се земени 100 деца родени 2000год.Следена е дебелината и морбидитетот во првата и седмата година.Користен е компаративниот метод и добиени

се следните
Резултати: во првата година 40 деца(40%) имаат телесна тежина (тт)>10кгр.Од нив 18(45%) се женски,а 22(55%) машки.Пратен е морбидитетот: 22(55%) деца најчесто страдаат од долно респираторни инфекции(бронхити,бронхиолити и пнеумонии). Во седмата година дебели деца од нив се 60(60%) со тт>25кгр.Од нив 38(64%) се женски, а машки22(53,6%). Според морбидитетот: 36(60%) имаат долно респираторни инфекции,21(35%) пореметувања на локомоторниот апарат,10(6%)психички пореметувања и 3(5%) со дијабет.
Заклучок: дебелината е ризик фактор за детското здравје. Лекарите од примарното здравство се лидери во нивната околина и јавен адвокат за здравјето на децата
-изготвување на превентивни програма
-промовирање на здрав начин на исхрана
-физичка активност и отстранување на пороците
-Превенцијата на здравјето на децата е најголема инвестиција на иднината.

16.
McCUNE-ALBRIGHT-ОВ СИНДРОМ КАЈ ПАЦИЕНТ СО АКРОМЕГАЛИЈА – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

А. Ј. Стојкоска, Г. Пемовска
Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања

Цел: да се прикаже пациент со McCune-Albright-ов синдром (МАС). МАС се карактеризира со клинички тријаз на мултилокална коскена фиброзна дисплазија, дамки на кожата со боја на кафе и хиперсекреторна ендокринопатија.
Материјали и методи: Се работи за 34-годишен маж со класична клиничка слика на акромегалија која е потврдена со високи вредности на: хормонот за раст ХР (не се супримираат во тек на 75 мг. ОГТТ), на ИГФ-1 и ИГФ БП-3, хипопитуитаризам и позитивен наод на компјутеризирана томографија (КТ) на хипофизата (питуитарен макроаденом со интра, супра и параселарна пропагација и зафаќање на кавернозниот синус и оптичката хијазма). Пациентот бил поставен на терапија со соматостатински аналог Octreotide 3 x 0.1 мг/24часа во тек на два месеци. Поради отсатен одговор (non-responder), направена е транссфеноидална парцијална аденомектомија. Поради инвазивен раст на аденомот и отсатна супресија на ХР/ИГФ-1, акромегалијата останала активна. Како терциерна терапија, пациентот е третиран со радиотерапија и допамински агонист (Bromergon) до нормализирање на вредностите на ХР. Во меѓувреме пациентот добил парализа на III-от и IV-от кранијален нерв со проширување на зеницата и птоза на десниот капак. На направениот КТ на мозок дијагностициран е остеом на черепот во десната окципитална регија. Направена е оперативна декомпресија во хипофизарната ложа.
Резултати: Хистолошкиот материјал од коските на черепот оди во прилог на фиброзна дисплазија (остеом). Пациентот во моментот добива супституциона терапија со Levothyroxin (Euthyrox) и Testosteron, како и допамински агонист Cabergolin (Dostinex).
Заклучок: акромегалијата е ретка, но можна манифестација на ендокринолошките пореметувања кај McCune-Albright-овиот синдром.
Клучни зборови: акромегалија, McCune-Albright синдром, фиброзна дисплазија

17.
ОСТЕОПОРОЗА ПРЕДИЗВИКАНА СО УПОТРЕБА НА КОРТИКОСТЕРОИДНА ТЕРАПИЈА(ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ)

Б. Велиновска
ЈЗУ Здравствен дом ,,Гоце Делчев,,-Делчево, Македонија

Цел: Да се прикаже случај на секундарна остеопороза предизвикана со големи дози на кортикостероиди (во терапија на примарна билијарна цириза-ПБЦ) во период подолг од три месеци.
Методи: Пациентка на 66 г., со ПБЦ (со портална хипертензија, позитивни автоимуни маркери, без езофагеални варикозитети), со конгестивна срцева слабост(со левовентрикуларна хипертрофија и хипертензија) и хроничен гастритис. Консултира поради силна, постојана грбна болка долж рбетот, тешко стоење и одење.Во период од 3,5 месеци примала Табл. Декортин 20 мг/дневно. Направен е физикален преглед и лаб.анализи: СЕР, ККС, сФе, хепатограм, липидограм, протеинограм, електролити, урина, РТГ на цел рбет, гастроскопија и коскена дензитометрија на централен скелет.
Резултати: Лабораториски: анемичен синдром, хипопротеинемија од лесен степен, високи трансаминази и алкална фосфатаза,хиперлипидемија. Гастроскопски: дифузен ерозивен гастритис со мали точкести крварења.РТГ: остео - пеничен 'рбет со компресивни фрактури на Тх12,Л4 и Л5. Дензитометрија: Т-скор= -2,5. Пациентката е поставена на терапија за корекција на анемијата, хипопротеинемијата (изогрупна плазма), Табл. Калциум, Табл.Калцитриол и Бисфосфонати во ампуларна форма.
Заклучок: Високите дози на кортикостероидна терапија може да предизвикаат остеопороза и поради тоа задолжително треба да се следикоскената густина на централниот скелет и пациентот да прима терапија со калциум и ви-

тамин Д, а сподер Т-скорот и антиресорбтивна терапија со бисфосфонати како лек на избор во терапијата на остеопорозата

Клучни зборови: Остеопороза, примарна билијарна цироза, кортикостероиди, бисфосфонати.

18.

ЕФЕКТИ ОД ТЕРАПИЈА НА АКРОМЕГАЛИЈА СО САНДОСТАТИН

Т. Анчевски, С. Трендафиловска
Општа Болница – Куманово, Одделение за Интерна Медицина

